**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 12,22 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа, продолжуваме со 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цановски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Фазли Велију, Гоце Марковски, Надица Танчева Тулиева, Мери Младеновска Георгиевска, Лазар Китановски, Андреј Жерновски, Тито Петковски, Љубисав Иванов Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 1 - Предлог на закон за високото образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседател.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Знам дека е втора фаза, но процесот вчера се врати повторно и според Деловникот, бидјеки министерот имаше воведно излагање за потребата од донесување на законот, го задржуваме правото да кажеме збор-два општо за самиот закон.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Герамитчиоски, тоа се работи што ги договоривме. Вие говорете си.

**Тале Герамитчиоски:** Би сакал да го искажам своето задоволство и радост што конечно еве, после две години го разгледуваме Законот за високо образование.

Уште на правата конститутивна седница кога оваа Влада се избираше, јас посочив колку е важно за Република Македонија, за реформите во сферата на восокото образование да се донесе овој закон и колку е значаен. Се надевам дека конечно се сфати колкава е суштината, каква е суштината на овој закон и каква е потребата за имплементација на одредени одредби на овој закон, за да можеме како држава, конечно да доживееме прогрес и во делот на високото образование.

Министерот кажа, во воведното излагање, во кое што даде хронолошки тек, ред како е стигнато до овој закон. Да потсетам, овој закон ги имплементира одредбите од Болоњската декларација со која што, Република Македонија, со неговото потпишување во 2003 година, стана полноправна членка со својот потпис на семејството, на европското семејство во сегментот на високото образование. Но, беа преземени и одредени обврски кои што одеа во насока на создавање една законска рамка што ќе ги истрасира потребните реформски зафати од сегментот на високото образование. Дозволете тука да ја дадам својата прва забелешка, како во овие изминати 3-4 години се изгубени значајни години во делот на реформирање на восокообразовните институции што, рака на срце, презедоа чекори во таа насока, но немаа соодветна законска рамка.

За поширокатa јавност, не е на одмет да се спомене која е суштината на овој закон, Болоњската декларација која што ги дава обврските на Република Македонија и да ги пренасочи во функција на она што како забелешка ќе го ставам во конкретните решенија на законот.

Самата Болоњска декларација е една широка рамка што постојано се надополнува во изминатава деценија на секоја министерска конференција. Но, во суштината наложува потреба од воведување на три циклуси на образование во сегментот на високото образование:

Првиот циклус до звање бечалар што трае до 3 или 4 години, вториот циклус до звање мастер од 2 или 1 година во зависност од траењето на првиот циклус и третите, докторски студии кои после министерската конференција во Берген беа воведени како дополнителна обврска со најмалку траење од 3 години и исто така се поврзани со соодветни кредити од 180 кредити, 240 до 300 кредити.

Имплементација на кредит трансфер системот што ќе овозможи повисок степен на мобилност или можност од хоризонтално и вертикално трансферирање на студентите во одредени студиски програми, меѓу универзитети или пак интеруниверзитетски.

И, тоа што е најпроблематично, на што стално се инсистираше на секоја министерска конференција, а верувам и уште е актуелно, осигурување на квалитетот на процесот на високото образование како тој да се постигне, кои се формите, кои се механизмите и какви регулаторни тела треба да бидат воспоставени во конкретната држава што ќе се грижат за воспоставување на квалитет на високообразовните процеси и на контрола на тој квалитет. И, се разбира, во овој закон тоа се однесува најнапред на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација што, како независни тела, треба да помогнат во реализација на овој исклучително висок процес на високообразовните институции што треба да ги модернизираат со реформа на студиските програми.

Кои се проблемите за имплементација на Болоњската декларација во нашиот високообразовен процес. Ова мора да се спомне, бидејќи постоеја различни варијанти на решенија за решавање на овие проблеми.

Ни беше посочено дека е проблематична структурата на нашите државни универзитети. Во моментот на потпишувањето постоеја два државни универзитети: Државниот универзитет “Кирил и Методиј” во Скопје и Државниот универзитет “Климент Охридски” во Битола кои беа воспоставени со структура што е на поинаков начин решена и не соодвествува на тенденцијата за воспоставување на интегриран универзитет.

Главниот проблем што беше посочен е како да се воспостави интегриран универзитет преку едно законско решение? Тој проблем постојано е преточен во сите членови од законот и е дискутабилно на кој начин е решаван, не само со конкретните решенија, туку и со динамиката на препуштање на соодветните права на високообразовните институции на универзитетот.

Голем проблем е и наставниот кадар кој, во последните години, заради несреќни одредени законски решенија и имплементација на законски решенија имаше голем одлив, без соодветно дополнување на наставниот кадар. Така што во изминатите десетина години проценката е над 1000 редовни професори или друг наставен кадар, се заминати по природен процес или во пензија илисонаоѓање друго работно место надвор од Република Македонија. Тој сериозен удар сеуште не е надополнет соодветно, иако последниве години сме сведоци на наплив на нов наставен кадар кој што навистина е симптоматично во поглед на нострификација или акредитација на нивото, ќе остане како проблем. Тоа министерот може да го потврди, бидејки на министерските конференции постојано се заговара да се создадат регионални центри за евалуација не само на наставниот процес, туку и на наставниот кадар што е вклучен во високообразовниот процес.

Конзервативизмот е исто така присутен и како проблем и посочен како една брана за широко отворање на вратите на реформата на процесот.

И конечно, како најголем проблем за што сакам да дискутирам е политизација на високото образование. Колку политизацијата на високото образование е присутна, во какви форми е присутна и со овој закон колку на широко се отвораат портите за политизација во високото образование.

Ако законот се гледа, ова е втора фаза. Првата фаза помина во мај 2006 година. Беше изработен од претходната гарнитура и ги доби сите позитивни оценки од Советот на Европа, бидјеки Советот на Европа активно учествуваше во изработката на тој законски текст преку трочлена група, предводена од Пер Нибор, кој беше истовремено и претседател на Комисијата за високо образование при Советот на Европа, од Павел Згага кој во три мандати беше минситер за образование во Словенија во времето кога Словенија ги спроведе најшироките реформи и третиот дел од Австрија кој беше како техничко лице од Советот на Европа, да ги сублимира сите оценки и забелешки што ќе ги дадат и во завршен извештај да бидат испратени до Советот на Европа.

Првата верзија на законот ги помина сите експертизи од Советот на Европа. Зошто ова го велам? Од првата верзија до оваа верзија има значајни разлики. За нив сакам да дискутираме денеска.

Најголемата разлика е во начинот на имплементација на таканаречената верзија на интегриран универзитет или членот 8, каде што се дефинира начинот и постапката како факултетите, како единици на универзитетот, постепено ќе ги делегираат своите права во правниот промет на универзитетот.

Во консултации со тогашните експерти беше договорено до 2010 година постепено, чекор по чекор да се делегираат тие права со постојано јакнење на функцијата на Ректорот и Сенатот.

Во вторите и третите верзии на овој закон, во втората верзија, што беше за среќе повлечена, најсилно беше загрозено правото на најголемиот Универзитет “Кирил И Методиј” во поглед на воспоставување на обликот на интегриран универзитет. Имено, тука беше дефинирано дека основачот, Собранието на Република Македонија ќе дефинира во каква форма ќе бидат оставени правните инструменти на факултетите во учество на правниот промет, што е нонсенс, бидејки Собранието не може да пропише на кој начин тие ќе настапуваат во правниот промет.

Среќа, дали од нашите амандмани или некој друг притисок штопонатаму се извршени, овој член е променет и е суштински за обликот на интегриран универзитет.

Сега, со статутот на Универзитетот е предвидено да се дефинира вокаква форма ќе учествуваат факултетите во правниот промет. Теоретски тоа е добро решение. Практично Универзитет “Кирил И Методиј” ќе наиде на големи пробелми. Би сакал да го запаметите ова како ресорен минситер, до колку ве интересира имплементацијата вистинска на законот. Бидејки Универзитет “Кирил И Методиј” има 28 членки. Неговата структура е навистина сложена, од општествените науки, медицинските науки, техничките науки сите имаат свои различни сфери на интерес и сите треба да бидат преточени со еден консензус во еден статут што треба да им овозможи одредени права во правниот промет.

Понатаму, факултетите имаат поголемо учество или се повешти во менаџирањето на нивните процеси, се попопуларни особено од општествените науки, економскиот и правниот и имаат позначаен прилив на средства што сакаат да ги задржат на нивнит есметки. Тоа е всушност и мотивот за работа. Додека други факултети што во моментов, постои еден вид на рецесија, особено од техничките науки се послаби економски и се поставува прашањето кој механизам и критериум ќе се воспостави на поделба на средствата од страна на Ректорот на Унверзитетот кога отсуствуваат конкретни механизми на воспоставување на истиот.

Или, да бидам конкретен, да не зборувам општо, во сегашниот Буџет за 2008 година почитуван минситер за прв пат имаме потпрограми во кои 4-те државни универзитети имаат свој Буџет.

Јавно го поставувам прашањето, до колку сакате да одговорите, како го формиравте тој Буџет на тие универзитети? По стариот Закон тој предлог до вас требаше да го даде Советот, за финансирање на високообразовните институции, што ќе биде преточен во соодветен правилник за распределба на средствата. Тој беше изготвен, но не е стапен во сила. Не беше имплементиран до крај, бидејќи дојде до природна смена на Владата. Како, на кој начин се формирани силинзите на тие 4 државни универзитети? Или, конкретно, како е можно Државниот универзитет во Штип што е конституиран прва година сега и има околу 1000 студенти има примено 192 наставници и соработници, иако според Законот Матичната комисија прима само за прва година во наставата, а примени се 192 наставници. Има дупло поголем Буџет од вториот по големина Државен универзитет “Климент Охридски “ во Битола кој има околу 4-5 илјади студенти и има дупло поголем број наставници. Навистина, не ми е јасно на кој начин, ова прашање го поставив до министерот за финансии, тој, на Матичната комисија ми одговори -прашајте си го министерот за образование и наука.

Ве прашувам дали Советот за финансирање учествуваше во изработката на предлогот на овој Буџет? Како што е по сегашниот Закон?

Понатаму, проблематично е на кој начин сте го поделиле тоа и дали Универзитетот учествувал во предлозите односно универзитетите учествувале во предлозите за овој Буџет, како што е по сегашниот Закон?

Втора проблематична точка во законот, почитуван министре, едно едноставно прашање, зошто во Законот е предвидено да има можност да има самостојни високи стручни школи, значи и високи школи, а да не може да има самостојни факултети? Зошто тоа право е одземено, зошто мора факултетите да бидат смао во склоп на универзитети? Станува збор и за приватни и за државни универзитети.

Третото симптоматично прашање е со научните институти. Тоа е многу осетливо прашање. Тие немаат јасна претстава што сакаат. Овде е предвидено дека треба да бидат придружни членки на Универзитетот и да имаат втор и трет циклус, да можат да практикуваат втор и трет циклус на студии, што е неонсенс. Тоа е надвор од Болоња. Значи не може втор циклус да имате ако немате организирано прв циклус на студии, бидејќи вториот циклус на студии, сега не се постдипломски студии како што беа, туку се додипломски студии и не може половина од додипломските студии да може вторат аполовина да се практикува, а првата половина да не се практикува. Каде е тука континуитетот.

За третиот циклус, докторските студии може да се разбере, бидејќи ние им предлагаме и научната установа МАНУ да биде вклучена во тоа. Зошто е иземена таа, зошто МАНУ да не може да организира втор и трет циклус на студии, која не е научна институција, туку е научна научна установа. Јас се надевам дека ќе го прифатите тој амандман за доброто на Република Македонија. Најеминентниот кадар е сконцентриран во МАНУ. Ако тие не може да понудат најголем квалитет во сегментот на третиот циклус на студии, тогаш која институција може тоа да го понуди.

Научните институти беа доведени до заблуда. Значи тие се конституирани по Законот за научно-истражувачка дејност и треба да им се каже дека ако станат членки на Универзитетот, како единици на Универзитетот, тогаш средствата за нивно финансирање ќе треба да влезат во друга ставка во Буџетот, во Буџетот на Универзитетот, а не да бидат земени од Програмата наука каде се концентрирани средствата за нив. Значи не може да бидат редовна членка, да имаат посебно финансирање. Или се едно или се друго.

Проблематично е и со можноста верските заедници да формираат единици на Универзитетот кои ќе имаат посебни права и обврски.

Јас ја поддржувам намерата верските заедници во Република Македонија да имаат можност да бидат членки на Универзитетот, но под права и обврски што овој закон ги дава, соодветно на процесите на избор во наставно-научни звања, кариерен напредок што овој закон го дава, начинот на студирањето, оценувањето, со кредит трансфер систем и т.н. Тука е нејасно. Само во еден член е дадено дека ќе бидат со посебни права што основачот односно Црквата ќе ги посочи. Што понатаму? Тука под одреден притисок е дадено едно право кое до крај не е дефинирано, или со посебен законски акт ќе биде дефинирано. Тоа не е јасно.

Следна проблематична област - органи на управување на Универзитетот. Значи, Ректорот, под интегриран универзитет се разбира да добие поголеми права и обврски во управување со Универзитетот. Истото се однесува и на Сенатот, но тоа не подразбира отворање на мала врата на можност на силна политизација. Можеби тоа е претежок збор, но јас ќе се обидам да го елаборирам.

Не знам од чија идеа сте подлегнале, како министер и сте дозволиле во последната верзија да влезе одредба дека ректорот не мора да биде вработен на Универзитетот. Во некоја друга држава во која политизацијата на општеството не е толку присутна, можеби ова ќе биде сватливо како позитивен чекор во добивање на квалитет, но во Република Македонија веќе подолго време политизацијата силно тропа на вратата на високото образование.

Не може да зборувате дека нема политизација, дека нема да носите ректор од надвор, кога во дневните медиуми читаме дека при една можна реконструкција на Владата, Ректорот на Тетовскиот универзитет кој патем насилно беше

сменет од ваша страна со декрет, надвор од Законот и понатаму беше поставен друг ректор што е нонсенс, без да бидат почитувани законските одредби што Законот за високо образование ги налага, да биде можност назначен за министер, понатаму на друг министер му давате ново работно место да биде ректор на Универзитетот. Ако тоа се оствари, тоа е скандал без преседан. Тогаш, значи, политизацијата нема потреба ни да се објаснува. На јавноста, барем во високообразовните кругови ќе и стане јасно од каде дуваат ветровите. Значи ова не е случајно вметнато, да не мора да биде вработен на Универзитетот. Ви се молам тоа е голем шамар за универзитетите. Ако во своите редови, од редот на редовните професори не можат самите да изберат човк кој во наредниот четиригодишен период ќе ги води, притоа јас ве уверувам дека во законот не е скратено правото некој од надвор да конкурира, без вметнување на оваа реченица. Тогаш навистина се поставува прашањето зошто на некого тоа му било потребно.

(Реакции на пратениците од позицијата дека тоа е амандманска расправа што зборува пратеникот)

Не е амандманска расправа.

Претседателе, јас ве молам да го протолкувате Деловникот и да кажете дека министерот имаше воведно излагање и ние можеме да зборуваме во општа расправа по текстот. Ако не можете да слушате излезете си..

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам, не упаѓајте. Ќе се договориме.

**Тале Герамитчиоски:** Нонсенс е на ректорот да му се дава право да раководи со Сенат кој е највисок орган на управување на Универзитетот, а Сенатот го бира и поведува постапка за негово разрешување, или ректорот треба да ги извршува, тој е извршен орган кој ги спроведува заклучоците на Сенатот, а истовремено раководи со тоа тело. Тоа е исто како претседателот на Владата да дојде тука и да раководи со Собранието. Тоа е тотално нелогично и во последен момент е уфрлено во законот. Истовремено на Сенатот му се скратува правото да решава по жалби. На ректорот му е дадено право да разрешува декани или директори на високи школи. Во минатото ова право беше злоупотребувано од страна на ректори.

Јас не би сакал да го узурпирам овој простор, временски, нервозата очигледно е присутна, но јас можам да ви набројам десетина конкретни примери дкеа ректорот спротивно на законот постапувал и разрешувал декани без образложение и во постојниот Закон. Ако е тоа така, нашата намера секогаш беше да спречиме вакви тенденции и затоа му се дадоа надлежности на Сенатот да има право да ги разгледува жалбите на разрешените декани однсоно директори и до колку утврди дека се спротивно на Законот преземени тие чекори, да донесе одлука за поништување, што ректорот треба да ја исполни. Оваа одредба е исфрлена од законот. Зошто? Дали тоа е уште еден чекор за политизација. Дали сега ќе донесете ректор од надвор по политичка линија и тој ќе изврќи сеча на сите декани и директори. Отворено останува прашањето и можноста за такво нешто.

Ако на Сенатот не му се даде право да го поништи сето тоа, тогаш очигледно намерата е очигледна. Значи Универзитетскиот совет кој се внесе како ново тело, беше предвидено да биде според инструкциите на Советот на Европа што кажа дека во постојниот систем на управување на државните универзитети нема учество на основачот, значи на Собранието на Република Македонија. Затоа беше воспоставено ново тело универзитетски Совет кој ќе се занимава со делот на надлежностите на основачот, штитење на правата на основачот кој не повеќе од 1/3 ќе учествува во тоа тело и тоа е запазено. Но, симптоматично е како сега се дефинирани надлежностите на овој универзитетски Совет каде беше предвидено во делот на користење на материјалните средства што ги добиваа универзитетите од Буџетот, да се види оправданост на нивното трошење.

Наставно-научниот Совет на факултетите е маргинализиран во делот на можноста. Скратена му е можноста за избор со тајно гласање, на декан, на оној кој ќе ги води и давање на еден единствен предлог до ректорот кој треба да го потврди. Вака научните работници се сведуваат на обични работници од фабрика на кои ќе им се наложи, ќе им се каже овој ќе ве води во наредниот период и толку. Скратено им е правото на нивно мислење што во демократска постапка, во сите развиени земји, со тајно гласање се одлучува на кого му се дава мандат да ги води во наредниот период. Се разбира дека ректорот кој во интегриран универзитет е должен да ја контролира законитоста на сите постапки, дадено му е правото да го потврди изборот и во стариот мандат, значи и во старите верзии на Законот и ако оцени дека таа постапка била нарушена, според Законот, нема да му даде согласност и тоа не е ништо спорно. Ама овдека изборот да го врши ректорот, без воопшто да бидат консултирани наставно-научните совети, преку тајно гласање. Каде е тука демократичноста. Сепак станува збор за професори кои, според статусот што го уживаат во општеството се концентрација на најквалитетниот високообразовен кадар и универзитетите претставуваат и нешто повеќе од јавни институции, претставуваат јадра на концентриран високообразовен потенцијал кој е најкреативниот потенцијал во државата. Го дерогирате нивниот статус во општеството, апсолутно.

Тука има неколку нејаснотии во преодните одредби. Значи направени се грешки. Јас очекувам во интерес н апоквалитетен закон да се усвојат амандманит екои се однесуваат на преодните одредби. Значи тука воведувате можност, на пример законот до 31,12. оваа година, универзитетите да се прилагодат со своите статути, согласно овој закон. Значи според тоа тие се должни да ги воведат сите три

циклуси на образование и третиот циклус на образование, докторските студии.

Што е со оние кои сакаат да поднесат предлог докторски тези, или магистерски трудови? Значи мора да се даде еден временски рок да не настане рпавен вакум во кој високообразовнит еисnтитуции ќе кажат, извинете ама ние мораме да се прилагодиме според законот, не можеме сега д апримаме нови пријави, бидјеки тоа може да биде оспорувано во некоја второстепена постапка заради неусогласеност со законот. Тука треба да се биде попрецизен.

Второ прашање во преодните одредби е зошто немате еднаков пристап кон сите институции кои се предвидени во законот во поглед на времетраењето на мандатот. Значи на постојните избрани ректори, сенати, декани, директори на високи школи им се продолжува мандатот после стапување во сила на овој закон, до времето до кое се избрани и тоа е во ред. Но, зошто така не постапувате со двете значајни независни тела, Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација чии мандат им го скратувате три месеци од стапување на овој закон. Нова можност за политизација. Сакате да внесете нови членови кои ќе бидат послушни, на политичките гарнитури за давање на акредитација, или евалуација на постојните студиски програми? Тоа треба да се каже и јавноста да знае што ги очекува. Нема друга разумна причина зоштоне им се дава на овие две независни тела да си го продолжат својот мандат.

Исто така е симптоматично прашањето зошто Валдата во законот предлага Владата да ги именвуа претседателите на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација, кога тие се независни тела. Какви независни тела ќе бидат кога Владата го именвуа претседателот што ги застапува и Одборот за акредитација и претседателот на Одборот и Агенцијата за евалуација во јавноста. Правно во јавноста ги застапува.

Очигледно дека има голема нервоза. Јас не знам, бевме стрпливи, две години го чекавме овој закон. Зошто сте толку нестрпливи? Знаете ли што регулира овој закон, знаете ли какви се негативности можат да произлезат од погрешна имплементација на овој закон? Не можеме да се сослушаме и еден ден да дебатираме за овој закон кој го чекаме две години, цинично ќе се смееме и ќе дофрламе од место? Сите имате можност да се произнесете. Сослушајте ги овие забелешки бидејки се сериозни. Ако не сакаме да донесеме квалитетен закон, ако не го почитувате туѓото мислење, мнозинството е во ваши раце, ќе кренете рака и тоа ќе оди. Тоа не е спорно. Последиците понатаму ќе ги почувствуваме, како и секогаш во животот.

Конечно, ако се отстранат овие 5-6 клучни забелешки кои предизвикуваат, почитуван министер, можна, јас не велам дека може тоа да се случи, но отвораат сомнежи на можност на силна политизација. Ако се отстранат во овие 4-5 нови одредби, законот е добар, законот ќе понуди добра можност за имплементација на реформските процеси во сферата на високото образование во духот на Болоњската декларација. Ако сте заинтересирани тоа да се случи, тогаш прифатете ги овие забелешки кои се добронамерни и не се во функција на злонамерност.

И конечната констатација која знам дека не зависи од вас, ни беа ставени забелешки на нас, законот е преобемен, бидејки јазикот со кој правниците се служат навистина е така структуиран во самите одредби на законот, што навистина понуди едне прешироk текст кој не е, компаративно споредeн со другите европски држави, не е вообичаено да е толку обемен и тука имате неколку процеси, одредби, на пример во кредит трансфер системот во кој циклусите се дуплираат во објаснувањето,или бројот на кредитите или работните саати се дуплираат во поголем број на членови. Тоа е нашата главна забелешка што јас се обидов во 4-5 сегменти да ја дефинирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дами и господо пратеници, бидејки имаме мал процедурален проблем, барам десетминутен прекин за координација и ќе продолжиме како ќе се договориме.

Пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13.37 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници, ја продолжуваме седницата по дневниот ред.

Пред да преминам на тоа продолжение, би сакал да ве известам дека на координација го постигнавме следниот едногласен спораузм.

Имаме сосема особен случај овде, две години има разлика меѓу прво и второ читање итн. За да се врати дискусијата во рамките на одредена процедура која е потребна, го решивме следното:

1. Решивме да ја затвориме дисплеј листата на говоници, заклучно со госпоѓа Теута Арифи;

2. Решивме тие говорници да говорат неограничено со саат, но сите да водат сметка, околу 10 минути;

3. Да преминеме на амандманска распава;

4. После амандманската расправа да си оди нормално дискусијата, општ претрес, како што е редот.

Тоа се одлуките и ве молам да се придржувате кон нив. Значи, според договорот да ја затвориме листата, заклучно со Теута Арифи, со тоа што тука беше и министерот, за него тоа не важи и така да ја продолжиме регуларно седницата без никаква тензија.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе, би сакал процедурално да реагирам, а не сакам да биде расипувач на забави.

Ако сте се договориле на овој начин да ја водиме седницата, прифаќам тоа што од име на

пратеничката група на СДСМ го кажала Грковска, иако не знаејќи, Грковска, пред да првите координација и јас се јавив во овој дел повеќе да обрнам внимание на една ситуација во која, не по наша вина, се најде Парламентот со турбуленциите кои настанаа во Владата.

Според мене, заради бројните шпекулации дали министерот во образование е во оставка или не, заради фактичката состојба во која двајца министри од Владата веќе се во оставка, министерот за економија и министерот за локалната самоуправа и според бројката пет министри од ДПА.

Според моето толкување Владата во овој момент функционира како техничка Влада. Ако овој министер понатаму не продолжи како министер за образование сметам дека нема доволно кребилитет да ги брани одредбите, посебно во амандманската расправа каде ние од опозицијата претендираме да имаме сериозни заблешки. Затоа очекував, но јас задоцнив и тоа е моја вина, и тоа прашање да го погледнеме. Значи, два месеци чекавме да продолжи носењето на исклучително битен закон, Законот за високо образование, не само за тоа што го носиме со Бадинтер, туку заради негативното искуство што го има Македонија, да се вратиме на 1997 година во какви турбуленции влезе нашата држава заради високото образование на Албанците, сметам дека треба да имаме Влада пред се со полн кредибилитет, потоа министер со полн кредибилитет кој ќе прифаќа амандмани и ќе знаеме дека заедно со него ќе ги имплементираме.

Бројните шпекулации дека овој министер ќе биде министер за култура, дека ќе дојде некој ректор на негово место, фактичката состојба мене ме доведува во една непријатна позиција да не знам што да дискутирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Бучковски,

Јас ги почитувам вашите впечатоци и вашата ситуација, но не можеме да кажеме, како сериозна институција дека министерот не е легитимен и не е легален. За тоа немаме ни најмалку правна основа. Но, тоа е ваше мислење, а вие го кажавте.

Сега очекувам да се сведе листата за јас да можам да постапувам според договорот за да не биде дека јас не го почитувам договорот, очекувам уважените пратеници кои се на листата после Теута Арифи, да се елиминираат од дисплејот, а тие ќе си добијат збор после во општата расправа, па да продложиме, бидејќи ако продолжам така ќе бидам неверен на договорот.

Значи ние решивме поименично да останат да говорат госпоѓа Славица Грковска, господин Азис Положани, госпоѓа Мирјана Секуловска, господин Адан Јашари и госпоѓа Теута Арифи.

Ние вака решивме записнички, лично јас инсистирав и на име да бидат, тука се сите, ќе кажат.

Што се однесува до господинот Бучковски, нема да прави проблем, не е од тие луѓе на такви работи што ќе ситничарат. За тоа сум од повеќе сигурен.

Значи очекувам да се повлечеме, тоа не е ништо страшно, сите ќе добиете неограничен збор, деловнички, во општата дебата. Затоа законодавецот ја предвидел општата дебата.

Господине Бучковски, можам ли да очекувам разбирање. Можам ли да очекувам разбирање од господин Кондарко?

Сега листата е во ред.

Констатирам дека договорот е исполнет и ги молам сите страни да се држат на тој договор.

Сега збор има госпоѓа Слацица Грковска, доколку министерот исто се повлече.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници,

Малку е чуден односот на Владата спрема Законот за високо образование, имајќи предвид дека првото читање е поминато во мај 2006 година, уште повеќе што веќе еден предлог на закон беше предложен и расправан во комисиите во Собранието. Беше констатирано дека во еден добар дел усогласен со европското законодавство, меѓутоа подоцна бевме изненадени со неговото нагло повлекување без никакви образложенија, без никакви најави. Од кои причини тој текст беше повлечен. Меѓутоа се стана јасно откако го добивме овој текст и кога стана очигледно дека тендециите на оваа владеачка гарнитура за контрола на сите независни институции во државата, дури и на тие кои не се под ингеренции на Владата се сака да се стават под контрола и со овој закон се подметнати решенија кои немаат никаква допирна точка со европското законодавство, туку напротив овозможуваат контрола на високообразовените институции од страна на Владата.

Интересно е и јас би сакала некој да ми одговори, зошто секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт имаме обиди за загрозување на автономијата на Универзитетот. Зошто секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт добиваме предлози во Собранието за измени во Законот за високо образование кои ја нарушуваат неговата автономија, се прави обид за упад и контрола на универзитетите, ако се знае дека тоа е уставна категорија, ако се знаед дека е тоа европско загарантирана традиција на независност на високообразовните институции.

Јас навистина би сакала минстре да ми одговорите наместо иронично да се смешкате, бидејќе сте одговорен за законот, зошто имате потреба со ваквите подметнати решенија да ги контролирате високообразовните институции, да го диктирате темпото на нивната работа и нивните кадровски решенија. Или можеби политиката која ја отпочнавте во високото образование, откако бевте избрани за министер, со разрешување ректор на Тетовскиот универзитет, ви се виде многу погодна за начинот

за кој можете да ги контролирате универзитети и факултетите и да извршите нивна партизација.

Она што може да го окарактеризир владеењето на ВМРО-ДПМНЕ во изминатата година ипол владеење во Секторот образованите е тоа дека нема никаква концепција ниту пак стратегија. И покрај бројните кампањи за тоа колку образованието е моќ и покрај тоа што постојано слушаме колку таквата кампања може да придонесе за добивање на значење образованието, ние дефакто се соочуваме со немање на стратегија во образованието, туку напротив адхог решенија предизвикани чисто од партиски интерес. Така беше и за формирање на новиот Универзитет, новиот факултет каде се покажа дека и покрај нашата добра волја за подршка за отворање на нови високообразовни институции, вие го извулгаризирате нивното основање, комплетно го партизиравте со партиски решенија, почнувајќи од ректор, декан, па понатаму се до вработување и на последниот кадар, ставајќи на местата на помлади асистенти лица кои не се со соодветно образование за работите кои треба да ги обавуваат на тие универзитети и на факултетите. За тоа зборува фактот што и после година ипол и покрај тоа што Владата на Република Македонија има обврска за тоа, се уште не е дадена програма за високо образование, програмата за високо образование што Владата требаше да ја донесе за период од 4 години. Значи, имаме адхог решенија и адхог почеток на реализација на деветолетката без сериозна подготовка. Имавме потреба да кажеме дека претходната Влада не направила ништо во образованието и заради реакцијата за 50 ученици во два града ја одложивте матурата за една година под изговор дека не е доволно подготвена за и по една година да се види дека немате направено ништо и таму, дека родителите се комплетно неинформирани и во конфузија, дека учениците се комплетно неинформирани и во конфузија. Трагедијата да биде уште поголема и Бирото за развој е во конфузија и комплетно не информирано и не знае какви информации да им пласира на учениците, на крај тоа да колуминира со неколку предлог законски решенија, како што е Законот за високо образование кој што го предложивте, па го повлековте, развојот за технолошки развој, што го предложивте па го повлековте и покрај тоа што беше поминат на една од лидерските средби, или без образложение или со некои смешни изговори кои подоцна се покажаа дека немаат никаква допирна точка со вистинската причина.

Она што е најстрашно во Предлог законот за високо образование е тоа што и покрај важноста на законот за сегментите кои треба да ги регулира, вие се обидувате по секоја цена да направите чистка и во високообразовните институции, со тоа што предлагате дека ректорот може да биде лице кое не е вработено на високообразовната институција, кое како изолирано решение само по себе можеби и да не изгледа толку страшно, ако не се прочита законот до крај и не се сфати тенденцијата дека имате намера во рок од три месеци од донесување на законот да го смените Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација, независните тела кои треба независно и профисионално да си ја вршат функцијата и што е уште пострашно на тој начин ќе имате можност да манипулирате и со акредитацијата на високообразовните институции, со тоа што му давате можност на ректорот да бира и да разрешува декани, комплетно да направите партиска чистка во високообразовните институцуии, а преку тоа и комплетна реализација на партиски вработувања во високообразовните институции заради тоа што таков пример покажавте на Универзитетот во Штип. Не ви беше важна стручноста, не ви беа важни кандидатите кои имаа висок просек, туку напротив исклучиво ви беа важни партиските решенија кои се предложени од страна на ВМРО-ДПМНЕ или од НСДП за да можете да направите, да изградите чисти партиски високообразовни институции. Тоа ви помина лесно со новите кои ги формиравте во овој мандат, меѓутоа со овој закон сакате да си обезбедите можност тоа да го направите и со останатите високообразовни институции и универзитети кои егзистираат на овој простор веќе 50-тина години, кои вие не можете да ги контролирате и заради тоа, имајќи предвид дека тоа е сосема спротивно на вашата тенденција за политизација на сите независни институции во Република Македонија, вашата тенденција за контрола, од страна на ВМРО-ДПМНЕ и на Груевски, на сите институции кои не се во надлежност на Владата, да направите упад, да ја загрозите автономијата на Универзитетот и на тој начин да ставите рака и врз високообразовните институции. Јас се надевам дека сте свесни дека тоа претставува сериозен удар врз демократијата во Република Македонија, претставува сериозен удар за независноста на универзитетите, сериозен удар и притисок врз сите настанонаучни кадри кои во моментот работат на универзитетите, меѓутоа и за сите оние млади кадри кои очекуваат дека нивното инвестирање во заењето кое го добиваат или на нашите универзитети, или на универзитетите во странство, еден ден некој ќе го евалуира со тоа што ќе даде потврда за реалниот просек што ќе го имаат постигнато, ќе го евалуираат со нивно вработување со нашите високообразовни институции за да може да возвратат во државата со инвестирање на нивното знаење кое го стекнале, без разлика дали во нашата држава или во странство. За сметка на тоа вие отварате простор за комплетна партизација на универзитетите и високообразовните институции во Република Македонија. Немојте да мислите дека тоа не го забележува ниту некој во Република Македонија ниту пак некој надвор од границите на Република Македонија, во оној момент кога сме соочени и пред поканата за членство во НАТО и пред добивањето на датумот за преговори за членство во Европската унија.

Апелирам до сите пратеници, ако нема доволно политичка зрелост во Владата, ако нема доволно

изградено политичка култура во Владата, ако некој има болна потреба да контролира се во оваа држава, дури и тоа што не е во негова надлежност, вие да се покажете политички зрели и да прифатите некои од оние амандмани со кои ќе се исправат овие клучни грешки во Законот за високообразование и на тој начин да помогнете Република Македонија да не го изгуби и она малку достоинство што и остана за бранење на демократијата и зачувување на независноста на универзитетите на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам прекин од еден час за ручек.

(Пауза за ручек)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,13).

**Благој Зашов:** Ги молам колегитре пратеници да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

(Некои пратеници влегуваат со салата).

Продолжуваме со работа.

(Пратеникот Есад Рахиќ бара збор процедурално, се извинувам но прво да завршиме со репликите и контра репликите, по потоа ќе ви дадам збор).

Господине министер дали вие имате реплика? (Не)

Министерот се повлече од реплика.

Господинот Агим Рамадани се јави за реплика, но не е тука, повелете господине Рахиќ баравте збор процедурално.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, јас се извинувам што упаѓам на ваков начин, меѓутоа мое право е тоа, Деловнички, би сакал да ве замолам вас и претседателот на Собранието да испратите еден допис до премиерот Груевски и да побарате од него да распише предвремени избори, затоа што и така пратениците не се во сала, сите се на терен. Забележете во салата од 120 пратеници нема повеќе од 20 пратеници, зошто џабе да седиме, да трошиме народни пари. Секој ден Собранието го чини 20-тина илјади евра и доаѓање или не доаѓање на пратениците. Наместо да ги трошиме парите, се знае дека на 2 април и така ќе добиеме покана за полноправно членство во НАТО, на 3, на 4 нека има избори. Коректно е и према граѓаните и према нас. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рахиќ за вашето мислење.

За збор се јави господинот Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, господине министер.

Мислам дека непотребно се отвори расправа во однос на тоа дали треба да се говори во однос на законот за високо образование во овој момент, можеби не треба да се говори. Поаѓајки од ова мислам дека треба да ја оправдам причината зошто сепак е подобро да се говори.

Поаѓајки од експозето што го даде самиот господин минситер во текот на влегувањето во оваа фаза на законот, меѓутоа и во овој дел на расправата што се одвиваше уште од вчера, но воглавном денес и кој што ги ценам како оправдани поради неколку причини.

Првата причина беше кажана, а таа е дека во минатото долго време од првата фаза на законот и пратениците за да створат впечаток за добивање на потребни информациине само за концептот, или пак идеата врз која што се засновува законот и решенијата во истиот, туку едноставно за една инфорамција повеќе, за заземање вистински, правилни ставови за многуте амандмани кои што се предложени од пратениците. Ова е една од причините која што мислам дека е во придобивка на дискусијата којаj што ќе се одвива тука.

Второ, фактот дека навистина овој закон е предложен како закон со ѕвездичка, што значи дека е закон за евроинтеграции, меѓутоа е еден од ретките закони кои што иако е на Агендата за неговото изменување и дополнување визави европските теми, меѓутоа е закон кој што има, жив закон кој што се аплицира долго време и тангира или засегнува разни сегменти, или пак прашања од оваа област, универзитетите, студентите, професорите ид ругите кои што се многу заинтересирани за квалитетот илипак решенијата кои што овој закон ќе ги понуди и овој дел од расправата е во функција на едно вистинско мислење за овој дел кој што фактички сака да дознае многу повеќе за самата содржина на законот.

Третата причина е таа што јас сакам да ве уверам и вас господа пратеници дека од овој закон зависи дејноста на високообразовните институции, меѓутоа и судбината на сето она што е поврзано со тоа. Со своите решенија овој закон треба да даде одговор на многу проспекти кои што всушност ја оптоварувале оваа област до сега и треба да отвори пат и за други политики кои што се во функција на исполнување како на Болоњскиот процес така и на другите документи, како што е Лисабонската Агенда и други, кои што всушност се секогаш во насока на ставање на образованието и на науката во функција на економскиот развој на земјата.

Овој закон се работеше долго време. Секако првата фаза помина во 2006 година мај месец. До таа фаза се дојде после една широка, екстензивна расправа опфаќајки ги и странските и домашните експерти во истата, истата продолжи со соодветни расправи и со други експерти и стручњаци и пред нас сега имаме закон кој што сам по себе не може да се каже дека е лош закон. Е закон кој што дава одговори на многу аспекти за кои што всушност беше и планиран овој закон.

За ова заслуга има една поширока гама на вклучени поединци, стручњаци, Секторот за високо образование во Министерството,

Собрание екако и други кои што поради долгиот период требаше во континуитет да го проследат градењето на законот во целсот. Законот дава одговор на неколку аспекти што всушност биле на Агендата за исполнување на овој закон, како што се знае Болоњскиот процес или Болоњската декаларација се потпиша 1999 година, меѓутоа многу брзо таа се разви и ако не беше акикуматитеар, или пак обврска од заедницата за усвојување во него се вклучија многу земји, држави и потоа се надополни со други цесии, после таа цесија во 2000 година во Лисабон имаме во Прага, Берлин, Лондон и други. Секоај цесија или секоја седница што се одржа секој две години во себе содржи елементи кои што би требало да го збогатат овој процес што се нарекува Болоњнски процес за реформа на високото образование. Треба да се збогати со нови елементи кои што се јавуваат како нови или како елементи потребни во времето во законот. Може да се каже дека се имплементирани успешно неколку елементи од оваа област, посебно Прашката каде што главна цел беше високото образование дека е од јавен интерес без оглед дали е приватно или државно, но сепак треба да биде на услуга на јавноста и како такво треба да се усвои. Нешто што мислам дека е направено во Берлин, главниот елемент беше разјаснувањето на позициите на државата визави можноста за финансирање како обврска од прв, втор или трет степен. Една од главните точки кои што беа таму и мислам дека од овој аспект би требало да кажам, сепак не е јасен закон во однос на тоа кои нивоа на образованието ќе бидат обврзувачки за финансирање од страна на државата, затоа што ова не е тристепен концепт или од три цикла. Нешто слично на постдипломски или порано што се нарекуваа додипломски или постдипломски, туку се делат на циклуси. Првиот циклус има нешто во еден дел и има нешто додипломски и нешто постдипломски, нешто што било порано. Сега во Болоња е три години и две години се оставени за мастер, додека до вчера државата финансираше 5 години сега финансира само прва година и мастер студентите плаќаат сами, нешто што не е разјаснето во законот и можеби државата, Владата и Министерството треба да преземат нешто за да разјаснат кои ниво на аобразование, на циклуси ќе се финансирааат од државата. Тоа во законот не е дефинирано.

Тоа што останало неопфатено во доволна мера се и аспектите или пак можам да кажам сосема поинаку требало да се наметне во овој закон, тоа е аспектот на елементите на автономноста на универзитетите или независноста на универзитетите. До колку до сега имало регулатори, како што се Агенцијата за акредитација, или пак Советот за акредитација, или пак Советот за ревалвација и составот излегува од самата универзитетска структура и нивните претседавачи се избираат од универзитетските структури сега одлучува државата, Владата кои ќе бидат претседавачи.

Мислам дека тоа е непотребен чекор затоа што постојат други механизми. Државата односно Владата како можат да се наметнат во правилата на играта. Едно такво нешто мислам дека можеби со амандманите треба да се види дали има простор да се исправи, да се поправи, затоа што остава впечаток за желба на Владата да стави под контрола и регулаторни структури кои што фактички извираат од логиката на универзитетската независност, автономност.

Значи, академската слобода се две прашања кои што не можат никако да се стават подпрашања. Овие решенија мислам дека се проблематични од аспект на повторно разгледување на ова прашање.

На пример јас со сосема добра намера би предложил, ќе беше многу поопуртуно и поприватливо решение до колку Владата ако сака да има влијание тоа го има преку членовите кои што самата Влада ги предлага. Минимумот би бил да каже дека претседателот на овој Совет да се избере од членовите што ги предлага Владата. Сепак председавачот да го избере самиот Совет, а да не се наметне, затоа што наметнувањето, импутирањето создава неколегијална атмосфера во самото тело и може да биде причина за блокирање на работата или пак за неодење на работите како што треба.

Значи, именвувањето од Владата мислам дека го оштетува тој однос и универзитетската автономија.

Другиот аспект кој што исто така останува нејасен и недефиниран во доволна мера, а има потреба да биде, тоа е тоа што е воведен терминот основачи на Универзитетот можат да бидат физички лица и правни лица, меѓутоа можат да бидат приватни кои што како институции можат да бидат профитабилни и приватникако неприфатибилни.

Мислам дека е добро што е внесена категоријата на непрофитабилна институција, меѓутоа освен таа реченица нема ништо друго во законот. Фактички кои се преференците, почитувањата, или пак кои се патиштата на развој на една институција и под кои услови се развива една приватна профитабилна институција, во која насока една приватна непрофитабилна институција. Кои се обврските кон државата од страна на приватната профитабилна институција, а кои се обврските на приватната непрофитабилна институција. Мислам дека оваа празнина ќе создаде бунило во практиката, затоа што развојот на високото образование е динамично и ние многу брзо ќе дојдеме до ситуација да мора да дадеме одговори на овие рпашања кои што во законот го немаат соодветниот одговор.

Исто така има настојување да се избегнат настојувањата кои што се за условување на универзитетите. Мислам дека постои настојување уште да постои Сенатот за приватните универзитети, кој треба да има неколку надлежности, Сенатот за додека државниот

универзитет треба да има поинакви надлежности. За мене е неприфатливо. Сенатот е носител на автономијата на универзитет и носител на надлежностите што извираат од истиот. Надлежностите на Сенатот било да е приватниот, или пак државниот универзитет треба да бидат подеднакви, исти затоа што тие ја одразуваат суштината на универзитетската автономија. А тоа што е право на основачот се остава во Одборот или во Советот што е предвиден. Не треба да се повредува академската слобода и универзитетската автономија без оглед дали е државен или приватен, профитабилен, или непрофитабилен институт. Мислам дека тука има рамнотежа која што се обидува да го прави истото. Има некои амандмани кои што се во сосема спротивни насоки, меѓутоа ќе може да се градат и ставови.

Има недостаток на законот кој утре ќе се одрази во проценката на високите институции, установи. Изработен е начинот на избирање на акредитација, ги кажав забелешките, меѓутоа тоа не е сега значајно туку евалвацијата. Лондонската конференција, вие знаете дека таму главната поента беше концентрирана во создавањето на градењето на стандарди и градење или основање на агенциите за евалвација. Значи, како механизам на градење на меѓусебна доверба меѓу институциите или установите и како механизам кој што ќе создаде доверба и за призанавање на дипломите на европско ниво се промовираше потребата од ангажирање на агенции за квалитет на регионално и на европско ниво. Од овој аспект тука голедам дека како решение е дадена можноста за акредитација да бидат само членови од институциите во Македонија, за што мислам дека требало да се размисли и за петставник од агенциите со меѓународен кредибилитет. Да има лице во Агенцијата за акредитација и од регионот или светот. Ова е меѓународен стандард и посебно за Агенцијата за евалвација, која што не смее да се именува од државата и тоа никако затоа што Агенцијата за евалвација цени, проценува академска слобода и автономијата на Универзитетот, меѓутоа воглавно академската слобода затоа што студиските програми, начинот на предавање, изборот на предавачи, се е тоа од аспект на академската слобода. Не може да се именуваат од Владата, меѓутоа не е ни добро во составот на Агенцијата за евалвација фактички и да бидат само членови од Македонија. Треба да има и странски претставник, затоа што тукаима аспект кој што оставил таква можност, меѓутоа кој е ефектот.

Мислам дека Владата, или пак на Министерството треба да се даде можност во проценката, дури со акредитацијата некои држави оделе, значи со проценката на високообразовните установи д аможе да се ангажираат и агенции од странство, како можност, затоа што тоа се мерки кои што фактички се во насока на создавање на меѓусебна доверба како предуслов за признавање на дипломите. Како решение, како можност во овој закон тоа не е дадено и мислам дека тоа е недостаток на законот кој што не е во целост со препораките и со тоа што кажав дека е дел од документот на Лондонскиот документ.

Другиот недостаток за кој што може да има и аргументиран став фактички е можноста за основање или на универзитет, или на високо-стручна установа како независна форма во образованието.

Мислам дека тука изнаоѓањето на можноста за основање и на факултет не е добро затоа што тие што имаат претензии да основаат универзитет ние ги принудуваме да имаат 5 факултети и минимум 2 виши школи или разни комбинации во овие рамки, а има некој интерес да основа само еден факултет со две студиски програми, многу квалитетни и на ниво. Наместо да ја искористиме ние таа негова желба и таа негова волја ние ќе му наметнеме тој да основа универзитет. Тие два факултети ќе му бидат квалитетни, добри, додека другите ќе има потреба да ги основа само поради законски потреби. Мислам дека до колку има можност со амандмани ќе биде добро тоа да се дебатира, да се дискутира за да се остави можност и факултетот со еден два факултети да биде како независна единица на високообразовните установи. Да не биде само овој дел на високото образование, туку да биде и факултетот. Некој што сака да се концентрира само на два профили кои што му се многу квалитетни, познат е во светот по тоа навистина да основа и факултет без дополнителна потреба за основање на универзитет. Рамките тој можеби ќе ги исполни, меѓутоа бидјеки е принуден законски. Се знае дека приоритетот таму ќе се троши попусто и производот или достигнувањето нема да биде толку добро. Затоа мислам дека вреди ова прашање да се разгледа. Има и амандмани за тоа. Значи, да се остави можност и за факултет.

Последното што сакам да го дадам како забелешка господине потпретседателе, верувам дека не должев многу, е аспектот на дилемата како ќе се регистрираат, упишат студентите во универзитетите.

Ќе продолжам да зборувам на македонски за да бидам појасен.

Поголемиот дел од дилемите ги спомав, затоа што законот требаше да биде појасен во однос на некои работи. Можеби има време, има амандмани, ќе видиме како ќе се постапи понатаму и затоа после ќе зборуваме на кој начин.

Но во однос на некои работи навистина е многу битно да бидеме појасни, како ќе се запишуваат студентите во системот за високото образование, дали со матура или без матура. Тоа што ние сега го правиме, без разлика што една година се провлече-не навлегувам во дебати и не сакам од ова да правиме политика, но пробелмот е дали ние сме определени како држава да гарантираме исти стандарди и да оневозможиме празно школување во високото образование и тоа да го

гарантираме со наш инструмент или тоа сеуште не сме подготвени да го правиме, тоа е предмет за дебата, но мислам дека вреди да се отвори. Ако ние сме се определиле за матура како главен инструмент за транспарентност во образованието и квалитет, кој што е единствен инструмент за надворешно оценување со кој што државата мора да прави критериуми и стандарди еднаква за цела Република, тогаш тоа треба да биде услов за упис во високото образование, ако не сакаме да бидеме производители само на папири и само на ливчиња каде што ќе пишува некаква диплома, затоа што пазарот е многу деликатен во моментот за високото образование, има разни тенденции, формално ги исполнуваат условите, но од друга страна цениме дека државата нема друг инструмент, има само евалуација, надворешна евалуација во високото образование, но тоа е веќе предоцна, студентите веќе се влезени таму, за да може да се предухитри состојба, што навистина не ќе може да се контролира од аспект на квалитет. Јас знам дека сега веднаш не е можно тоа да се реализира во овој момент, но посакувам да се размислува за можноста постепено до една година, да речеме 2010, 2011, 2012 година да се каже сега се влегува со државна матура, каде што нема државна матура може со другите школски матури и со еден испит, такво е решението за сега, но може и следната година поради причините што ги има, може да кажеме и за 3 години, но мора да се предвиди една динамика која во себе ја содржи динамиката на имплементација на матурата во среедното образование со потребата и динамиката за воведување на државна матура како услов на Универзитетот. Ако како држава немаме таков инструмент, верувајте дека многу тешко ќе биде да создаваме стандарди и на некој начин да ги контролираме на тоа ниво, значи после средното образование не може никој на некого да му забележи си примил вакви или такви студенти, твоите се појаки, моите се послаби и т.н., затоа што минимум стандард ќе биде за упис матура и тоа всушност е една од нашите заложби за Европа. Знам дека некои работи не се лесни, затоа оставам простор за размислување, посебно деликатно е прашањето на матура, прашањето на кое ниво државата ќе се изјасни, ќе ги школува, на кое ниво и што ќе школува, дали само Бачвард, дали и Мастер ќе го вклучи во обврските на државата, а не студентот сега да се школува 3 години наместо 5 години, а за овие 3 години да се бараат дополнителни средства, кога државата треба да се изјасни дали и вториот циклус ќе го финансира. Тоа е нешто што веројатно и со други политики на Влада може да уследи, но јас го покренувам како прашање и од овој аспект има доста работи кои законот успеал да ги апсолвира, а има уште доста кои ќе останат проблематични и ќе видиме во практикакако ќе се реализираат. Од таа гледна точка, јас ќе го следам и развојот на дебатата по амандманите и во зависност од тоа после ќе го градиме нашиот став. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Положани. Неколку минути поминавте повеќе, но како поранешен министер мислев дека ќе биде добро пратениците да ве сослушаат. Мислам дека тоа не би требало да се земе за зло. Другите рпатеници би молел да се придржуваат на тоа што е договорено, на дискусија од десетина минути.

За реплика се јави господин Васко Шутаров, повелете три минути.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани претставници на Влада, почитувани колеги,

Баш заради големото искуство што почитуваниот колега Положани го има, претпоставувам заради временското детерминирање на дискусијата, а можно е и заради преводот, би сакал на некој начин да ми овозможи и мене со едно дополнително прашање и нешто што дополнително би го спомнал.

Имплементацијата на Болоњскиот процес се одвива низ 5 министерски конференции, конференција во Болоња, Прага, Берлин, Берген и Лондон. Не слушнав во неговата дискусија за министерската конференција во Берген, мај месец 2005 година, на која претпоставувам како тогашен министер за образование и наука дека има остварено присуство. Интересна е таа министерска конференција во Берген заради повеќе аспекти. Имено, на таа конференција се поставиле неколку прашања кои се сеуште актуелни и актуелно сега се имплементираат во нашиот закон за високото образование. Тоа е синергијата меѓу високото образование и научното истражување и автономијата на високото школство и управувањето со истите. Меѓутоа, на таа конференција во Берген, исто така, еден од главните принципи е напредокот во учеството на студентите во осигурувањето на квалитетот на наставата и имплементација на двоцикличните содржини на студиите и признавањето на дипломите. На таа министерска конференција во Берген, за која претпоставувам има и информации почитуваниот колега Положани, на некој начин е извршена евалуација или оценка на постигнувањата на 46-те тогашни претставнички на конференцијата, во која од 12 подрачја се оценувани сите со оценки од 1 до 5. За жал, не успеав да добијам информација како тогаш е оценета нашата земја. Имаме информација да кажеме за Република Хрватска, која тогаш има просечна оценка 4, а во 5 подрачја кои се оценувани од 12 има добиено оценка 5. Јас би сакал ако е во можност да се присети и да ни припомне како Македонија на таа конференција е оценета во Берген.

Инаку, од последната министерска конференција во Лондон би сакал како надополнување на колегата Положани да спомнам уште неколку аспекти кој тој не ги спомна а тоа се: мобилноста на студентите и наставниците, националните квалификациони рамки, образованието за возрасни, но е договорено и основање на европски регистар на Агенцијата за осигурување

на квалитет во високото образование, а уште еден аспект кој треба исто така да добие соодветен третман во нашите дискусии, тоа е социјалната компонента, или третирањето на студените и како социјален партнер во остварувањето на своите права во високото образование. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

Вие имате многу прашања поставени, не верувам дека во една минута можете да одговорите, а не можам повеќе да ви дадам. Искористете некоја друга прилика да одговорите на прашањата. Повелете само кратко.

**Азис Положани:** Сигурно, само кратко.

Во Берген ние сме оценети со оценката меѓу 3 и 4, таму се означува со бои, зелена, жолта и т.н. Главните забелешки ни беа за недоволна вклученост на студенти во евалуационите тела, затоа тука спомнав за евалуационите тела и присуство на студенти и меѓународни фактори.Бевме на почеток на диплома со аклимент, но најбитното во Берген беше да се обезбеди вклучување на претходното знаење на сите нивоа кои ќе претходат и тоа со законот е направено. Затоа не го спомнав, како што реков некои работи се направени. Секое учење, неформално, информално или друго кое во себе може да се евалуира со кредити, треба да се обезбеди вклучување на идното учење и да се вклучи во тоа. Инаку, на многу работи или на сите работи би можел да ви одговорам сигурно, но како што рековте не е место сега, може да ви одговорам во друга прилика.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Положани за прецизноста во поглед на времето.

За реплика се јави господин Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Го поздравувам донесувањето на законот во однос на високото образование, бидејќи на Република Македонија и овозможува да оди чекор по чекор со прогресивните земји и развиените земји од Европа и светот во целина. Кога се говори за реформи, тие се болни затоа што треба да се одлепиме од една мината транзиција со коај сме навикнале конкретно од тој систем за високо образование во поранешна Југославија, но до колку сакаме да ги спроведеме реформите во високото образование според критериумите кои ги предвидува Болоњската повелба според стандардите на оваа декларација, тогаш треба да се согласиме и во однос на автономијата на Универзитетот во однос на универзитетските органи, Советот, Сенатот, Одборот и т.н. Некогаш навистина стоеше тоа дека факултетите функционираат како независни органи, значи беа правни лица. Но според реформите од Болоњската повелба тие учествуваат во рамкит ена Универзитетот како една институционална единица. Има измени во однос на изборот на ректорот, но во целина деканите се назначуваат од наставно-научните совети на факултетите кои му предлагаат на Сенатот да ги назначи како раководни органи на факултетите.

Исто така, со овој закон не се дозволува двојство на функции, а тука е опфатен и деканот, значи деканот да биде посебен орган, додека членовите на Сенатот да функционираат како претставници на факултетот и на овој начин најдобро се брани интересот на факултетот, на професорите , на наставниците и на вооj начин ќе ги спроведеме овие реформи во високото образование. Но повторно може да се интервенира и таму каде што има место и простор и сето тоа од интерес на универзитетската иснтитуција во целина во Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Сулејмани.

За збор се јави пратеничката Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјан Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Сакам да укажам дека денес пред нас е многу значаен закон, законот за високото образование и сакам да кажам дека, бидејќи овој закон навистина е многу важен не само за нашата зема, за секоја една земја, бидејќи образованието е значаен фактор кој се рефлектира врз цкупниот развој на една земја. Според тоа, треба да обрнеме особено внимание и значење, а ние тоа го направивме, бидејќи ова е втора фаза на разгледување на овој закон. Претходно како член на Комисијата за образование, наука и спорт сведок сум дека организиравме јавни дебати, трибин, вклучувавме експерти, ректори, декани, универзитетски професори, студенти и сите беа активно вклучени и благовременопоканети на тие трибини и дадоа свој придонес во подобрувањето на текстот, односно на Предлог законот за високото образование.

Според тоа, сметам дека веќе се наоѓаме во фаза кога законот што е пред нас на некој начин е пречистен од страна на сите релевантни фактори кои во претходните фази дале свој придонес и учествувале во неговото дооформување. Но, исто така се согласувам со моите колеги пратеници, претходни минситри, заменици министри, универзитетски професори дека-ќе се согласи и почитуваниот министер-можно е и има простор во секој закон сополнително да се интервенира од страна и на позицијата и на опозицијата најдобронамерно, за подобрување на текстот на законот, се со цел да имаме квалитетен закон за високо образование, бидејќи целта е и тоа преку Законот за високото образование да дојдеме до квалитетен систем на образование во Република Македонија, затоа што знаеме и самите конкуренцијата не трпи неквалитет и дека нашата заложба и цел на оваа Влада е да исфрламе квалитетни кадри кои ќе бидат подготвени да се најдат на пазарот на трудот и да го

имплементираат своето знаење во фирмите и вод ругите институции.

Постои голема неопходност од донесување на овој закон за високото образование, бидејки лично сметам дека веќе доцниме со донесувањето на овој закон затоа што речиси сите соседни земји и другите земји членки на ЕУ веќе одамна имаат ваква законска рамка со која е регулиран таканаречениот концепт на интегриран универзитет. До сега до овој момент немаме интегриран универзитет, туку самостојно си дејствуваат како правни субјекти и факултетите и националните установи и институци, така што со овој закон нависитна го добиваме она што значи усогласување со земјите членки на ЕУ, усогласување на законодавството во оваа област со законодавството на земјите членки на ЕУ и имплементација на препораките кои произлегуваат од Болоњската декларација.

Понатаму, сакам да кажам дека со овој Предлог закон за високото образование во кој основниот концепт е имплементација на интегриран универзитет, кој ќе биде составен од единици на Универзитетот, всушност се надминуваат некои недостатоци кои до сега ги имаме во функционирањето на универзитетите, односно факултетите. Посебно тука мислам на воспоставувањето меѓународна соработка и комуникација со другите универзитети и факултети, во кој домен имавме некој проблем бидејки настапувавме како правен субјект факултетот, а во светот правен субјект од другата страна ни се јавуваше Универзитетот. Тој проблем веќе нема да го имаме и во правна рамка веќе серегулира таа комуникација и меѓународна соработка.

Со предложениот закон сакам да кажам дека целосно е обезбедена уставно загарантираната автономија на Универзитетот, затоа што Сенатот има доминантно место во одлучувањето и е исклучиво составен од универзитетски професори и определен број студенти, што значи дека ќе нема надворешно влијание во работата на Сенатот некојд руг.

Понатаму, нов орган во управувањето со Универзитетот е универзитетскиот Совет, во кој членови делегира и основачот на Универзитетот, но сакам да потенцирам дека доминантна положба на овој Совет има сепак Универзитетот. Тоа се органи кои се навистина многу значајни, кои ќе раководат и менаџираат со процесите на Универзитетот, тоа е универзитетскиот сенат и универзитетскито совет, а ректорот за кој стана збор и на комисиите и воопшто имаше изјави од секакви типови дека ректор може да стане билокој, јас сакам да ја запознам јавноста дека не е така, дека се знае точно и децидно е кажано во членот 53 кој може да биде ректор на Универзитетот. Значи ректор на Универзитетот може да биде само лице кое го поседува нејвисокото наставно научно звање, а тоа е редовен професор. Колегите пратеници што се од оваа сфера, а се универзитетски работници како и јас, знаеме како макотрпно и за подолг временски период треба да се присутни во универзитетската средина, за да го добиете тоа наставно научно звање редовен професор. Значи,не може да се стане редовен професор за една година, две или три. Би рекла слободно, ако тргнеме од изборот на еден вработен доктор на науки кога ќе докторира, кога ќе го избереме во звањето доцент, до избор на тој доцент во највисокото наставно научно звање редовен професор, треба да поминат 10 години. Значи ректор може да биде лице кое 10 години било во универзитетската средина, бил професор на Универзитет односно на факултет. Тоа сакам да го знае јавноста. А во однос на тоа дека може ректор да биде и редовен професор кој што не е од матичниот Универзитет, јас не гледам дека тука се губи автономијата на Универзитетот. Напротив, да се потсетиме, ако може на мојот конкурс за доцент, или на мојот конкурс за вонреден професор, или на мојот конкурс за избор за повисоко звање за редовен професор, ако може мене да ми конкурира на тој конкурс колега професор од друг Универзитет, тогаш зошто јас да не можам да конкурирам на конкурсот за ректор на друг Универзитет. Која е разликата? Јас не гледам тука разлика. Сите ние на секои пет години имаме реизбор. На мојот реизбор сега за вонреден професор може да ни се јави и колега од друг факултет, од технички факултет Битола, од Електротехнички факултет од Скопје. Јас не сум сигурна дека јас ќе бидам избрана иако сум на мојот матичен факултет професор. Тоа исто така се однесува и на изборот на ректор. Мислам дека треба да има, точно тоа е автономија, слободно движење на академскиот кадар. Понатаму, сите зборуваме повторно за ректорот. Меѓутоа, со Законот убаво е кажано дека ректорот и понатаму останува орган одговорен за законитоста на работата на Универзитетот, на Сенатот и на неговото работење. Значи, не само што му се дава ингеренции, туку тој има огромен број на обврски и одговорност и отчетност. Тој е одговорен најмногу за законското работење на Универзитетот вкупно. Со Законот е повикан да одговара, дали ги менаџира процесите онака како што се дефинирани со Законот и со другите подзаконски акти кои што ќе следуваат врз основа на овој Предлог закон за високо образование.

Тука имаше дискусии од страна на моите колеги за агенциите за евалуација и агенциите за акредитација. Јас сметам дека во ред е да биде претседател на Агенцијата за акредитација и евалуација претседавачот да биде предложен од Владата на Република Македонија од причина што вие кога давате како Агениција акредитирате некој Универзитет, односно вршите евалуација за работењето. Вие ставате печат на Република Македонија во кој што печат е вграден грбот на Република Македонија. Тоа е голема работа и за тоа сепак, станува збор за нешто за кое што се зборува за законското работење, за одговорноста, за сигурноста дека зад таа акредитација, или евалуација со тој печат практично, дека државата Република Македонија го потврдува она за кое што дава соодветен печат и потпис. И затоа

сметам дека треба да биде тој претседавач од страна на Владата на Република Македонија бидејќи одговорноста е и на државата за одобрената акредитација, или евалуација.

Понатаму, со овој Закон исто така сметам дека се подобрува квалитетот на едукација. Не треба да заборавиме ние сите дека со овој закон всушност се регулира материја која што ги опфаќа нашите студенти. Овој Закон треба да биде во сервис на нашите студенти. Од тој аспект гледано, сметам дека студентите заслужуваат поквалитетна едукација и ова е една законска рамка со која на некој начин се ветува дека ќе им се обезбеди на студентите соодветен квалитет во едукацијата и она што значи добивање на дипломи кои што ќе бидат адекватни, кои што ќе бидат компатибилни со дипломите во земјите членки од Европската унија и пошироко.

Имаше доста забелешки, со некој дел од забелешките можеме да се сложиме, меѓутоа ќе оставиме простор и почитуваниот министер да се произнесе по однос на амандманите, бидејќи навистина може да се подобри текстот како што реков и претходно со амандмани. Но, сакам да кажам дека тие недоречености и некои недефинираности во Законот, во законските одредби ќе се решат и со подзаконски акти, со Статутот на Универзитетот. Значи, има простор за дејствување, не е се завршено. Но, сакам да кажам дека прашање е на модел на закон за високо образование. Значи, демократијата и автономијата е присутна во овој Закон за високо образование. Автономијата на Универзитетот воопшто не е загрозена со овој Закон за високо образование. Постојат различни модалитети на менаџирање на универзитетите. Ние сме се одлучиле за овој модалитет. Ако одите по другите соседни земји и другите земји ќе видите дека во варијанти, во нијанси се разликуваат. Значи, станува збор за тоа кој модел се избрал, што не значи дека, ако сега е овој модел, или некои работи не се додефинирани, или вие сметате поинаку, и јас сметам поинаку, може да се корегираат. Мислам дека на сите ни е заедничка цел да направиме таков закон за високо образовние кој што ќе понуди квалитетна едукација и кој што ќе понуди сервисирање на услугите на едукација на студентите на највисоко можно ниво.

**Благој Зашов:** За реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Иако настапот на пратеничката Секуловска беше повеќе како коментар и реплики на она што зборуваа другите, но коинцидира со однесувањето на Владата на Никола Груевски во изминатиот период од 18 месеци каде што практично овој Закон, одредени членови врши регулирање на партиските упади што беа направени од страна на ова владеачка коалиција во Република Македонија и на распределбата на сверите на интерес помеѓу ВМРО-ДПМНЕ во Штип, НСДП во Битола и ДПА во Државниот универзитет во Тетово. И тоа сме го зборувале многу пати овде, дали е тоа од упадот во Државниот универзитет во Тетово со сомнителниот акт на министерот Рушити кој предизвика интерпелација овде во Собранието, дали со вработувањето на фамилијата околу Јанкуловски, ректорот и сите оние што се во Битола, или пак она што ќе го зборувам сега за ректорот зошто инсистираме да биде од редот на вработените на Универзитетот. Баш тој член кој што се обиде неуспешно да го одбрани укажува на можната политизација што веќе е направена. Имено, има еден член од Законот каде што матичната Комисија при формирање на Универзитетот може не само да ги избере професорите во прва година како што е нормално, туку да им даде и повисоки звања од оние што ги имаат. Таков пример беше со Универзитетот во Штип. Матичната Комисија незаконски надвор од некоја логика на еден вонреден професор кој не е вработен на Земјоделскиот факултет го направи редовен професор и го направи ректор на Универзитетот во Штип, само затоа што е брат на Жан Митрев, дел од бизнис фамилијата на господинот Груевски. И затоа ние се секираме и затоа сакаме да го тргнеме тоа од овде, дека ректорот да биде вработен за да има некој природен пат и да го познава Универзитетот. Ние не велиме дека тој нема да биде професор доктор. Тој ќе биде професор, ама направен од матична Комисија, еве на пример на Државниот факултет сега за медицина што ќе се отвори во Тетово. Од матичната Комисија ќе направи некој редовен професор и тој ќе го ставиме за ректор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, затоа што бил близок со министерот од ДПА. И затоа овој член, овој став мора да се тргне. А нема одбрана парламентарното мнозинство затоа што така го избраа и на Државниот универзитет во Тетово, така го избраа и на Државниот универзитет во Штип.

**Благој Зашов:** Контра реплика има Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам.

Значи, репликата на колегата Макрадули не беше на мојот говор. Беше чисто политички, како и вообичаено ги користат репликите за политички реплики, а не за она што е на дневен ред, поточно за Законот за високо образование. А во однос на тоа колега Макрадули како јас ќе се произнесам по одредени амандмани. Ако ме следевте јас кажав дека, одредени амандмани се издржани и од страна на опозицијата и од страна на позицијата. И конкретно за ова сега последното што зборувавте за матичната Комисија, јас го имам идентичното мислење како и вие. Значи, не може вие мене да ме поистоветувате за нешто што вие не знаете јас како размислувам. Јас пак ќе ви кажам дека не може матичната Комисија од асистент, или од доцент да направи редовен професор.

**Благој Зашов:** Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министер, почитуван заменик министер, почитувана советник за правни прашања во Министерството за образование, почитувани колеги пратеници.

Ќе се потрудам во контекст на просторот кој нормално ни се дозволува според договорот на координација да ги нагласам моите ставови во врска со понудениот Предлог закон за високото образование од причина што оценувам дека високото образование е област која нормално треба да се третира и да се расправа по истата начелно и од страна на пратениците во овој Парламент. Како што се нагласи претходно се говори за втора фаза на овој закон, но нормално во контекст на овој простор ќе го кажам моето мислење во врска со неколку прашања кои се поставени, но се поставени и во работните тела, односно во собраниските комисии. Повеќе од вистина е тоа дека високото образование овде кај нас во согласнот со тоа што се нарекува Болоњска декларација од 1999 година најнапред е уредено со Законот за високото образование во 2000 година во кој закон се вградени некои од начелата, или елементите на оваа декларација. Ова го нагласувам од причина што од дебатата на неколку претходни колеги, најмалку јас дојдов до заклучок дека со понудениот Предлог закон во целост се вградени, или се вградуваат Болоњските декларации. А ова не е така, затоа што како што нагласив некои од елементите биле вградени и во Законот за високото образование во 2000 година. Но, има една друга вистина дека со Законот за високо образование кој се предлага се вградуваат и сите елементи кои се составен дел на комуниќе каде на еден начин е утврдено значењето, или суштината, или содржината на Болоњската декларација, комуниќе кое се нагласија претходно, почнувајќи од 2001 година е едно комуниќе на министрите за образование од Прага, 2003 од Берлин, 2005 од Бергами, 2007 од Лондон. И настојувањето на предлагачот е преку овој Предлог закон еден дел, соодветен дел да вгради и прашања кои се анализирани од овие комуниќеа кои претходно ги нагласив.

Предлог законот за високото образование за кој расправаме во одреден сегмент содржи тоа што го содржеше и Предлогот за донесување на закон од мај 2006 година. И во овој контекст во соодветен дел, нормално дека и ние ќе се произнесеме и од овој момент ќе го нагласам тоа дека овој Закон мислам дека треба да се донесе од страна на ова Собрание од причина што и покрај тоа мнозинството на институциите на високото образование или на универзитетите почнаа и работат во согласност со овој систем кој го уредува овој закон. И во оваа насока мислам дека многу студенти кои се пред дипломирање чекаат да се донесе овој Предлог закон.

Тоа што посебно сакам да го нагласам е фактот дека во одредени сегменти, или области кои се уредени со овој Предлог закон нема да се согласам за што нормално сум поднел одредени амандмани. Нормално поголем дел од забелешките кои ги имам врз текстот на законот сум ги произнел и на две работни тела на Комисијата за образовани и Законодавно-правна комисија каде што беше присутен заменикот министер и советникот за правни прашања од Министерството за образование и наука. Најнапред побарав и денес ќе се повторам, во еден одреден сегмент да се дефинира прашањето на високообразовни установи кои имаат непрофитабилен карактер, иако во две одредби од Законот ова прашање во еден сегмент е уредено. Но, јас нормално имајќи го во предвид просторот, универзитетскиот простор овде кај нас, побарав во еден одреден сегмент да се дефинира и статусот, или позицијата, правната позиција на Универзитетот на Југоисточна Европа за што се надевам дека по завршувањето на амандманската постапка, мислам дека ова ќе се случи. Тоа што и во работните тела искажав негативен став е во однос на прашањето со начинот на функционирањето на научните институти, посебно со научните институти кои не се во составот на универзитетите. И овде ќе се произнесам дека сум против тоа. Научните институти како што е предвидено во предложениот текст да функционираат односно да можат да одвиваат втор и трет циклус. Сакам да го нагласам тоа дека и во моментот кога се расправаше за Предлогот за донесување на законот за високото образование го искажав овој став, значи бев против ова. Но, и сега ќе го нагласам тоа дека сум против ова прашање, посебно кога се има предвид дека сега со овој Предлог закон, а што е новина од предлогот за донесување во прва фаза, сега на научните институти им создава простор да одвиваат настава и во втор циклус што ценам дека не е добро и јас го кажав мојот став и ја оспорив согласноста на законските одредби во самиот текст за високото образование, за што нормално дека во амандманската расправа ќе го образложам ова што го кажав.

Второ, многу се расправаше за прашањето на ректорот, нешто што е една новина во споредба со тоа што беше понудено во Предлог законот кој се повлече и Предлогот за донесување на законот. Во согласност со ова што е предвидено со овој закон се предлага ректорот не само да може да биде и лице кое не е вработено, или не е од Универзитетот, туку се создава простор ректорот да биде во иднина доколку се донесе вака како што е предложен и претседател на Сенатот, нешто што за мене создава една дилема. Постои една вистина дека има универзитети во Македонија кои функционираат во согласност со ова што јас го нагласив. Типичен од оваа природа е Универзитетот во кој што работам јас тој на УИЕ. Но, искрено ќе ви кажам јас како правник, оценувам дека овде има една противречност. Органот кој го избира, назначува ректорот сега му се дава можноста на истиот тој ректор избран од истиот орган да може да раководи со органот кој го избрал претходно, нешто што лично мислам дека можеби праксата

ќе покаже позитивни страни, но говорам од правен аспект, мислам дека кај мене има неколку лични дилеми во однос на ова прашање.

Овде нема да говорам за Одборот за акредитација, за Агенцијата за евалуација, бидејки се расправаше за овие прашања, а имам предложено одредени амандмани, така што тогаш ќе ја искористам можноста да говорам, бидејки сум бил член на Одборот за акредитација, така што неговата работа, функционирањето и организацијата ги познавам добро. Затоа, во оваа насока, во интерес на времето, нема да говорам.

Ќе говорам за едно прашање за кое што мислам дека не се расправаше, а мислам дека има своја тежина. Се говори за програмските студии.

На Комисијата за образование реков, тоа ќе го повторам и сега дека се работи за една одредба што предвидува програмските студии да бидат составени од одредени компоненти: задолжителен дел и факултативен дел.

Вака, како што е предложено се предвидува програмските студии во иднина, нормално дека ќе бидат акредитирани од Одборот за акредитација, да може задолжителната компонента да биде во висина од 50% од вкупниот број на предмети или елементи. Ценам дека можеби овој елемент или оваа компонента или оваа одредба може да биде поконкретна, а би било добро во законот да биде, но не заради сегашната актуелна состојба, бидејки колку што ја познавам актуелната состојба во високото образование сметам дека една ваква компонента што на еден начин може да се надоврзе со елементот на мобилноста како еден од елементите на Болоњската декларација, но мислам дека вака како што е предложено, според мое мислење, мое толкување значи дека 50% од предметите се задолжителни, најмногу, додека 50% ќе бидат изборни предмети или од факултативен карактер. Повторно ќе нагласам дека сметам дека не е потребно сега.

Тоа што најмногу ме обврза да ги спомнам програмските студии е прашањето и начинот на измената на овие програмски студии. До колку се анализира одредбата од членот 104,не знам кој став од овој член, ќе дојдеме до констатација дека и покрај тоа предлагачот дозволува можност задолжителниот елемент, за да се изменат задолжителните предмети треба да се добие согласност од Одборот за акредитација.

До колку е вака, се поставува следното прашање - што се случува со изборните предмети, факултативните предмети? Дали изборните, факултативните предмети ќе може без никаква согласност од Одборот за акредитација, едноставно од раководството на факултетот или советите да може да се измени, со што сум длабоко убеден дека ќе создадеме состојба во една академска година или во еден циклус, во еден период да имаме одредени изборни предмети, а во друг да се изменат овие изборни предмети. Нормално, да се прилагодат на одредени професори или одреден професорски кадар, што искрено мислам дека не е добро.

Тоа што сакам да го нагласам во оваа прилика, а мислам дека се нагласи од колегата поранешен министер, нормално, тоа е прашањето на студентите. Запишувањето на студентите. До колку кај нас преку Законот за средно образование ја вградивме државната матура, сега се поставува прашањето која е улогата на таа државна матура, дали е добро во предложениот текст на Законот за високото образование да се усвои прашањето дека во иднина студентите ќе се запишуваат на високообразовните установи според успехот на учениците на државната матаура. Како правник, ќе кажам дека би било добро, во предложениов текст на овој закон да постои одредба или да се санкционира ова што претходно го реков. Мислам дека тука нема ништо лошо.

Имам забелешки или сугестии во однос на прашањето во врска со приемот на асистенти, забелешка во однсо на прашањата за вториот и третиот циклус, како што е предложен, посебно со комисиите или телата пред кои ќе се бранат магистарските и докторските десиртации. Имам забелешки и во однос на надлежностите на Сенатот, наставно-научните совети. За сите овие забелешки имам поднесено амандмани и ќе ја искористам можноста овие прашања да ги расправам во амандманската расправа.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратенички и пратеници, почитувани претставници на Владата,

Мислам дека Законот за високото образование претставува значаен дел од уредувањето на образовната област што е во однос на еден значаен дел не само на научниот развој, но и развојот на многуте вредности. Поради тоа сметам дека закон што би бил квлаитетен треба да ги покрива и да има успех во три главни области:

Како прво е прашање на обезбедување и потполна заштита на слобода на универзитетите и нивната автономија како центри кои создаваат не само знаење, туку се центри и на креативното мислење, алтернативното мислење.

Втората цел би било обезбедување квалитетно универзитетско образование, што е основен предуслов универзитетите да бидат почитувани центри за градење на знаењето и во градењето на една вистинска конкуренција, не само регионална, туку и светска конкуренција.

Третата цел би била градењето на здраво партнерство со универзитетите, на политиката со универзитетите, на државните институции со универзитетите што мислам дека би требало да се постигне како цел.

Областа на уредувањето, областа на високото образование е многу сложена сфера. Таа секогаш претендира да оди напред. Сигурно дека законот, како таков има многу елементи што одат чекор

понапред во однос на прашањето во уредување на разни процеси и разни реформи во кој влегува понатамошниот развој на универзитетите. Сепак, со најдобра намера би сакала да кажам неколку заблешки за што мислам дека се во колизија и за што мислам дека би било добро да се исправат, со цел да имаме поуспешен закон и колку е можно попозитивен закон во целост.

Една од забелешките на кој би се осврнала е прашањето на функционирањето на научните институти. На начинот како е објаснето, во членот 22, како да е во колизија, во спротивност со општото дефинирање на институциите што се занимаваат со наука и образование и универзитетот. На овој начин, фактички институт кој има повеќе научна претензија му се дава и образовно-наставниот аспект, без да биде поврзан со универзитетот. На овој начин се прекинува врската меѓу создавањето во науката и образованието на едно место, што е еден од предусловите и една од значајните препораки од Конференцијата во Берген.

Наредно прашање што отвора дилеми, а не би требало да се каже дека се ненадминливи, тоа е формата на градење соработка помеѓу универзитетите. Имајки го предвид фактот дека во изминатите години е зголемен бројот на државните универзитети од два, сега имаме четири државни универзитети, секојдневно се зголемува бројот на приватните универзитети, начинот на соработката, како што се предвидува во законот е преку две конференции на ректорите. Една конференција за приватните и една конференција за државните универзитети што може да има свое оправдување. Меѓутоа, сметам дека и како конференција на ректори би требало да се предвиди една заедничка форма на конвергентност, соработка на овие две конференции, до колку можам да кажам така, со заеднички интерес зголемување на квалитетот. Иако во следниот член, членот 49 се предвидува, градење на интеруниверзитетска конференција, таа сепак не го заменува недостатокот или поделбата што се прави во претходниот член со градењето на две ректорски конференции.

Едно од прашањата или дилемите што се отвораат е не дилема, туку позитивно решение, значи зголемувањето и подоброто дефинирање на улогата на Сенатото според овој закон. Секако дека Сенатот добива на тежина, така треба да биде, со тоа што сметам дека што се однесува до изборот на професори, фактички Сенатот има само улога на избор на редовни професори. Сметам дека ќе биде поприфатливо, квалитетно подобро до колку од звањата доцент, редовен и вонреден професор изборот го прави Сенатот. Од аспект на обезбедување на квалитет тоа ќе биде попозитивно.

Уште откако се отвори расправата во комисиите за овој закон, имав можност да се искажам на две комисии. На Комисијата за европски прашања и на Комисијата за образование, каде едно од прашањата што бе аотворени беше рпашањетокако овој закон ја уредува можноста ректорот да не биде задолжително, туку да биде од редовите на вработените во универзитетот. Зошто е оваа дилема? Не мора да значи дека навистина ректорот и ќе се избере. Значи, законот тао не го прејудицира, туку се дава можност на некој кој е надвор од универзитетот да биде кандидат и конкурент.

Јас сметам, бидјеки ова во академските кругови отвора дилеми, страв и создава тенденција за мислење дека целта е да се наметне ректор од надвор, а јас не мислам дека целта е сосема таква, ова може повторно да се разгледа или уреди повторно во некоја поинква форма, во подобра соработка токму со универзитетите.

Сега, дозволете да се задржам на две точки што ги сметам за исклучително значајни. Тоа е прашањето на Советот за акредитација и посебно би се задржала на прашањето на Агенцијата за евалуација.

Мислам дека е малку претенциозно, тоа е мое мислење, Владата претендира да го избере и претседателот на Советот за акредитација и претседателот на Агенцијата за евалуација. Ова го велам затоа што овие две институции имаат посебно значење, Советот за акредитација, затоа што акредитира нови економски програми, а евалуацијата уште повеќе, со проценката на работата на универзитетите.

Во бројот на члeновите на Советот за акредитација, Владата има доволно свои претставници што ги избира самата и нема потреба од претензија да го избир аи претседавачот на истиот Совет. Напротив, ќе беше поприфатливо, во една демократска процедура да се остави можност членовите на овие два совети фактички си изберат свој претседавач. Сметам дека тоа ќе биде подобро и универзитетите ова би го сакале повеќе.

Кога сме кај Агенцијата за евалуација, проценката, евалуацијата, внатрешна и надворешна на самиот образован процес во универзитетите е еден од високите стандарди и значајни стандарди што се наметнуваат на универзитетите. Треба да се предвиди можност, но не само можност туку и обврска меѓународни претставници, на меѓународните универзитети, со меѓународно искуство да бидат дел од Агенцијата за евалуација. Не само толку, туку и поголема можност за подобра, покоректна евалуација на универзитетите.

Зошто го велам ова? Затоа што една од целите на овој закон е максимално обезбедување на мобилноста на студентите и на наставниот кадар. Бидејки мобилноста на студентите и наставниот кадар е предуслов на логиката и филозофијата на Болоњската декларација. Таа мобилност можете да ја обезбедите само до колку имате добро сертифицирање на квалитетот. Поради ова сметам дека во оваа насока ќе треба да се предвиди нешто вакво.

Би одела и подалеку, во присуство на меѓународниот кадар во разните процеси, зошто да не се предвиди во членот 113 можност за

имање член на екипите за вреднување на докторските десертации? Претставници од меѓународното академско тело?

Да не должам многу, затоа што иамме доволно простор за дебата во амандманската расправа, па сакам да завршам со поглавјето 11 од законот.

Тоа поглавје е во однос на студентите и е значаен дел од законодавството и од смислата за високо образование, затоа што вклучувањето на студентите вопроцесите на одлучување е не само барање на разните меѓународни конференции, не само барање на Болоњската декларација, туку е иманентна потреба на еден процес на внатрешно демократизирање и процес на градење целосни академски слободи на универзитетите.

Затоа, вклучувањето на студентите би требало да биде во високи, сериозни нивоа и на овој начин да се покрие можноста за вклучување на студенти во процесот на академска проценка или вреднување на академскиот квалитет на работата, или работата на наставниот кадар. Има различни начини за вклучување на студентите во овој процес. Нашето усогалсување со европските вреднсоти се мери исклучително многу и со вклучувањето на студентите вос тратешките бројки на универзитетот.

Да завршам, сметам дека е значајно, што Законот за високо образование треба да помине нормално, имајки ги предвид и забелешките од таа природа што сега ја образложив, а и другите коелги, со единствена цел да се гради и да се има добар закон, да се има квалитетно високо образование, образование што ќе рефлектира знаење и меѓународна конкурентност и да се има вистински партнеритет со универзитетите што треба да бидат и се наши партнери во многуте процеси на евроатланските интеграции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Арифи.

За реплика останува господинот Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван потпретседателе, почитувани присутни, почитуван министре,

Сакам да дадам објаснување во однсо на дискусијата на госпоѓа Теута Арифи.

Кога се говори за научните и академски звања, односно за универзитетски и педагошки звања нема никаква измена во законот. При изборите и повторните избори на наставниот кадар од редот на доценти и вонредни професори што тече со одредена постапка на комисии, избрани на соодветно стручно научно ниво, Сенатот само ги верификува звањата на вонредните професори. Сенатот не ги избира редовните професори. Во случај на унапредување, го прифаќа звањето на редовен професор на Сенатот.

При докторската дисертација, наставникот го добива звањето доцент. А после, според универзитетското искуство, објавување трудови, се унапредува во вонреден професор и т.н. Ова е прво.

Второ, кога се говори за членовите на Комисијата за магистерска дисертација и докторатурите, со овој закон се дозволува еден од овие членови да биде од некоја друга високообразовна установа, односно од универзитетите. Може да биде член на скопскиот, на тетовскиот, на приштинскиот, тиранскиот универзитет. Во оваа насока нема пречки. Дури, може да се назначи и ментор кој ќе раководи со работата во однос на изготвување на магистерски труд или докторската тема. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Сулејмани.

Контра реплика има госпоѓа Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Во дискусијата, што се однесува на авторизациите на Сенатот што се покрива со членот 52, јас појдов од една од оние алинеи во овој член, членот 22, кој меѓу другото вели, Сенатот ги избира редовните професори и сметам дека со сфаќањето на интегрираниот Универзитет е и правилно и Сенатот да ги избере затоа што концептот на интегрираниот Универзитет значи отргнување, оздемање на некои авторизации на факултетите. Моето мислење за да се обезбеди квалитетот овој избор Сенатот да го прави и за вонредните професори и доценти, избор кој што е на нив на факултетите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има министерот за образовани и наука господинот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитувани пратеници,

Генерално дискусиите беа насочени конкретно во врска со изборот или именување на претседателот на Одборот за евалуација и претседателот на Агенцијата за евалуација и Бордот за акредитација. Мислам дека треба тука некои појаснувања и за пратениците, па и за јавноста.

Јас само ќе ги наведам земјите набрзина како е тоа регулирано во други европски држави. Во Шветска Агенцијата за евалуација вели, Владата го именува претседателот на Агенцијата. Бордот за акредитација во Ирска исто така Владата го именува со сугестија од министерот за образование и наука, а Владата го разрешува. Во Данска Бордот за евалуација во Данска исто така претседателот на Бордот го именува Министерството за образование, во Норвешка Министерството за образование го назначува претседателот на Одборот за акредитација. Значи, се работи за една практика која е скоро во сите европски држави и за Анегнцијата за евалуација и Бордот за акредитација. Значи, некаде има случаеви каде сите членови на Бордот за акредитација ги предалга Министерството за образовани и ги именува Владата, а претежно во сите земји претседателите на Агенцијата за евалуација и Одборот за акредитација се именувани од Владата по претходен предлог од министерот или директно од Владата.

Мислам дека ваквото решение не е спротивно на критериумите на Болоња.

Што се однесува до странски членови да членуваат во Агенцијата за евалуација мислам дека во Законот е дадено едно решение кога при надворешната евалуција ќе присуствуваат акредитирани институции или експерти кои ќе вршат евалуација и мислам дека со едно такво решение ќе постигнеме подобар квалитет во Високото образование. Сметав дека по ова прашање поради тоа што неколку дискусии се фокусираа баш на именувањето на претседателите на овие две тела, Одборот за акредитациа и Агенцијата за евалуација мислам дека со информациите наши кои велат дека скоро во сите европски земји тоа е така решено, мислам дека нема место за грижа.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рушити.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре,

Мене ме изненадува како од сите горливи прашања кои се покренаа во денешата дебата вие одбравте да објасните нешто за кое што од вас не се бараше објаснување. Вие не ни објаснивте, зошто по секоја цена инсистирате Владата на Република Македонија или премиерот Груевски да направи упад во автономијата на Универзитетот, да ја загрози независноста на Универзитетот, зошто по секоја цена инсистирате ректорот да бира и да разрешува декани, зошто по секоја цена инсистирате во рок од три месеци откако ќе се донесе законот комплетно да го смените составот на членовите на Одборот на акредитација и Агенцијата за евалуација. Да ни објасните зошто, по секоја цена сакате да направите партизација на високо образовните институции, заради тоа што со ваквите решенија што ги предлагате вие ја отворате широко вратата на загрозување на независноста на универзитетите и инсталирање на партиски кадри во високообразовните институции. И ве молам да одговорите на тие прашања, а не на нешто што воопшто не беше поставено од наша страна.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Контра реплика има министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитувана Грковска, морам уште еднаш да повторам дека овој закон е усогласен со сите претставници на сите универзитети државни и приватни. И сега нешто не ми е јасно, како може претставниците на универзитетите да давале сугестии, да давале идеи кои се вклопени во овој закон, а кои се, како што велите, против нивната автономија. Навистина не ми е јасно. Ние овде зборуваме за закон, а не за предрасуди на законот. Јас мислам дека овој Предлог на закон е оптимален, ги опфаќа сите потребни критериуми од Бољонската декларација. А предрасудите остануваат нешто што не може да бидат опфатени во овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре.

Реплика има господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министер, еве зошто се сомневаме за вашата идеа за Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација да може Владата да стави претседател.

Имате сега Одборот за акредитација кој што вас ви достави мислење дека и Меѓународниот славјански универзитет со седиште во Свети Николе и Битола испостава, дека не треба да добие акредитација ниту им е дадена согласност и тоа мислење многу опширно со цитирање на членови на постојниот Закон за високо образование е елаборирано на Владата, а Владата сепак го крши Законот и дава позитивно мислење со времено решение иако Република Македонија нема склучено билатерална спогодба со Руската федерација, иако нема банковна гаранција од страна на тој Универзитети, иако не постои во Законот за високо образование облик на трговско друштво да може да обавува високообразовна дејсност, иако не постои во Законот член во кој што имате странска испостава да може да врши високообразовна дејност во кое што мнозинството на наставници не се од странската институција туку се од домашната институција иако на барање на Одборот за акредитација не се доставени постапките за избор во наставни научни звања на таа институција, ниту каде е тоа извршено, а сепак е дадено времено решение. Ете затоа се соменваме. Ако на постојниот Одбор за акредитација му го негирате законското право да ја врши својата дејност согласно Законот, што ќе се случи ако поставите некој партиски послушник, бидејќи Владата не умее на поинаков начин да постапува освен да поставува партиски кадри ако Законот тоа го дозволува се разбира без да се почитуваат нормативите и стандардите кои порано биле почитувани. Ете тоа е причината. Можеби нема да се случи ништо страшно, ама праксата досега покажа дека негирате работа, затоа и во преодните одредби им го кратите мандатот до три месеци после изгласувањето на овој закон, бидејќи не постапуваат онака како што ќе им кажете. Од тие причини ние се соменваме и заради тие работи ние не можеме да бидеме како Норвешка, како Словенија како другите држави кои ги набројавте. За жал, ова е Македонија и политизацијата е многу присутна.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Контра реплика има министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Иако не е тема на денешна дискусија, сепак морам нешто да појаснам.

Не е вистина дека има негативно мислење од Одборот за акредитација во врска со институцијата што ја спомнавте, но без разлика сепак мислам дека ако сакате дојдете на кафе во нашата бивша просторија и ќе ви дадеме сите потребни информации и ќе видите дека не е така. Но, предмет на денешна дискусија е Предлогот на

законот и мислам дека треба на тоа да се фокусираме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Реплика има госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Не би рекла дека е само реплика, туку е прашање, бидејќи за да се објасни и дебитира малку подобро по ова прашање, сметам дека образложенијата во однос на искуствата се образложенија добри и нормално дека светот има свои решенија. Се разбира зошто Владата и зошто државата претендира да има еден вид квалитетна контрола, токму за да го заштити квалитетот за образованието, за високото образование да не стане прашање на профитирање или пазарење. Ова е коректно нешто, но во состојба во која поминуваме од еден сосема центрелизиран систем во пореформски концепт мислам дека можете да направите помеки решенија од аспект кога веќе ги имате членовите на Одборот за акредитација кои се предложени од Владата и од истите да се избере претседавачот на Агенцијата и на Одборот. Зошто го велам ова? Ова го велам од причина што од аспект на изградбата на вистинското партнерство меѓу Министерството, Владата, државата и Универзитетот значајно е другата страна да не се почувствува дека по секоја цена ќе биде контролирана. Значи, моето инсистирање алтернативно е и мислам дека би било добро да го имате тоа во предвид по амандманската расправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Збор господине потпретседател.

**Бесим Догани:** Можам да ви дадам збор ако сакате, но морам да ве известам дека на координацијата што ја имаа пратеничките групи се согласија дека треба да се има предвид, да говорат само оние кои веќе беа пријавени на листата. Сега останува на вас госпоѓо Јаневска, јас не би сакал да вашиот говор да направи дополнителни потешкотии во Собранието, но за тоа сепак вие одлучувате.

**Весна Јаневска:** Господине потпретседателе, жал ми е што никој не ме информирал за вашиот договор ниту пак слушнав дека вие јавно соопштивте каков е договорот. Бидејќи имам право...

**Бесим Догани:** Беше соопштено од страна на претседателот, но вашето право е право.

**Весна Јаневска:** Се извинувам можеби не сум го слушнала, тогаш јас би ги замолила колегите, доколку дозволат, еве ќе имам доблест, да ги прашам дали ќе дозволат многу накратко во рок од 5 до 10 минути да зборувам само во врска со Медицинскиот факултет бидејќи не слушнав и не и планирав да зборувам бидејќи се што сакав да кажав беше кажано и продискутирано, но навистина има специфики за кои сметам дека од сите пратенички групи колегите се заинтересирани и јас многу кратко би сакала да потенцирам две три точки на кои во овој Закон треба да се обрне внимание.

Ќе има ли проблем да зборувам 10 минути најмногу?

Навистина не сакам да направам проблем, но еве молчењето ќе го сфатам како одобрување бидејќи никој јавно не реагира и бидејќи имав доблест да прашам. Јас навистина ќе се потрудам во најкраток можен рок да потенцирам само две значајни точки. Благодарам потпретседателе.

Значи, во членот 105 се дефинираат до диполомските студии бројот на кредити кои студентите ги добиваат за да обезбедат бечелер или мастер студии или докторски студии. Во членовите 129, 130 и 131 се одредуваат критериумите за избор на помлад асистент, асистент и сите други конкурси за избор.

Господине Тале Герамичиоски па вие бевте многу вклучен во целава оваа работа и мислам дека би требало сепак да се заангажирате и за една поголема група од прилика 24 илјади луѓе во Македонија кои се особено заинтересирани за нешто вакво.

Значи, сите оние кои ќе соберат околу 300 поени можат да продолжат со докторски студии, оние што нема да соберат 300 поени. Има проблем?

**Бесим Догани:** Госпоѓо Јаневска, немјоте да дискутирате со пратениците, ве молам продолжете.

**Весна Јаневска:** Значи, Медицинскиот факултет трае 6 години, специјализацијата или 5 или 6 години, специјализацијата од било која област на Медицинскиот факултет трае 4 до 7 години, што во суштина не се склопува во европскиот кредит-трансфер систем ниту со она што овој Закон го предвидува. Во еден од членовите пишува дека изборите на луѓето од Медицинскиот факултет ќе се вршат во посебен закон, значи специјализација во областа на медицина, стоматологија и фармацијата се уредуваат со посебен закон. Јас би сакала минстерот да ми објасни, дали во моментот кога бидејќи таков посебен закон сеуште немаме, барем јас не знам дека имаме. Дали во моментот овој закон кога ќе стапи во сила, сите одредби од истиот ќе важат за луѓето на Медицинскиот факултет. 6 години по 60 кредити тоа се 360 кредити. Магистарски студии по 60 кредити, две години, тоа се 120 кредити. Докторски студии три години по 60 кредити, тоа се 180 кредити. Во суштина нема никаква врска со ова што станува збор со овој закон, ниту овој закон во било која точка предвидел дека луѓето кои во претходниот постоечки закон веќе ги оствариле своите права, а не се вклопуваат во овој закон, ќе можат било како да бидат регулирани. На пример, му поставувам прашање на господинот министер или на луѓето од Министерството, што ќе стане со оние што завршиле специјализација во траење од 7 години, се избрани на места асистент, според стариот закон, а не го оствариле правото или не ги дозавршиле магистерските или докторските студии во овој период затоа што докторските

студии, жал ми е што мора така да кажам, но се едни од најтешките и најсериозните и таат подолго во споредба со некои други факултети, што ќе стане со тие луѓе, дали тие луѓе ќе ги изгубат своите места и како Министерството планира во иднина да ги решава. Дали и како планира да ја третира специјализацијата и супспецијализацијата на Медицински факултет, кои се посебните закони и кога ќе бидат донесени истите и што воопшто, од денот на стапување на сила на овој закон, ќе стане со луѓето на Медицински факултет, се разбира, мислам на наставниот кадар. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Јаневска.

За збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Среќа колешката Јаневска го прекрши договорот од делот на парламентарното мнозинство па ни даде шанса и нас кои бевме сабајле јавени, а се одјавивме уште еднаш да се обидеме да ги потенцираме клучните точки во кои што имаме забелешки во овој предлог на закон.

Уште еднаш да напоменам од процедурален аспект ние во ни еден момент не направивме проблем зошто деловничкиот рок од 60 дена е прекршен и овој закон да го третираме како прва фаза, туку во интерес и на европското знаменце и во интерес на еден закон што е многу години чекан во Република Македонија се решивме да дебатираме онака како што се избра вчера, најпрво министерот да даде еднос вое образложение, а потоа започна дискусијата. Но, во интерес да преминеме на амандманската расправа сабајле имаше договор, сега по обичај парламентарното мнозинство не го почитува тоа под закриклата не можеме да ги контролираме сите коалициони партнери ни дава можност и ние уште еднаш да го потенцираме она што нас ни пречи во овој закон, навистина да биде онаков каков што треба.

Иако очекував министерот за образование да се јави и да одговори на дилемата на колешката Јаневска, бидејки согласно Болоња онолку колку што јас знам медицинските факултети не се дел од тој процес, затоа се дефинирани и во посебна глава и посебно структуирани. Тие не се дел од овој концепт што овој закон треба да го нуди и очекувам дека министерот тоа ќе го каже, но имаме време и во амандманската расправа тоа да го направиме.

Клучните точки за кои ние зборуваме и амандмански тоа се обидуваме да го поправиме се:

-избегнување на политичкото влијание како финанскиски так аи по однос на изборите. Тоа ќе го елаборирам сосема накратко со примери на некои членови. Имено би сакал да потсетам дека на почетокот на законот е дефинирана автономијата на универзитетот и е дефинирана како прв поим во поимникот уште во првите членови кои што зборуваат за академската слобода, самостојното одлучување, управување и неповредливост на универзитетскиот простор.

За жал, тоа потоа е објаснето во неколку члена во главата втора, ние бевме сведоци дека минатиот месец Владата односно министерот Трајко Славески без знаење и на Министерството за образование и на сите декани повлече средства од наводно нереализирани научно-истражувачки проекти за да ги трансферира во други министерства, индикативно кон минситерства кои ги контролираат министрите од ВМРО-ДПМНЕ. Мислам не контролираат туку ги водат во овој момент.

Или, од Министерството за образование беа повлечени средства кои завршија во Министерството за внатрешни работи или беа повлечени од Министерството за одбрана завршија во Министерството за внатрешни работи.

Значи, академската слобода и слободата на научно-истражувачката работа, применатa и спроведувањето на проектите беше повредена еднаш од оваа Влада односно од Минситерството за финансии, затоа што знам дека Министерството за образование беше изненадено од овој потез на министерот за образование, но тоа зборува за односот на коалиционите партнери во овој момент. Сегашниот министер за образование го има тој хендикеп да подготвува еден закон, а неговото име се споменува во траснфер од едно министерство во друго, но тоа ќе му предизвика повеќе хендикеп на оној што ќе го наследи, затоа што овде има една сериозна обврска следната година дена на многу подзаконски акти, многу систематизации да се направат и многу документи кои треба да произлезат од овој закон за високо образование.

Заменикот за образование си има друг хендикеп, бидејки гледаме дека имапроблеми во својата карате федерација, но тоа денеска не е тема, тој си има свои други хендикепи кога го предлага овој закон, но тоа ќе си го реши веројатно на мирен пат, нема согласно спортот во кој што се бави да ги решаваат работите. Затоа зборуваме дека ние сме дале амандмани како пратеничка група,ме радува што и други пратеници дале вакви амандмани кои што одат во прилог на зголемена автономија на универзитетот. Но, што и да се случи и да имаме закон или не политичката волја на владеачката гарнитура може да си преземе чекори кои што и не мора да ги пишува во законот. Така ни се случи Државниот универзитет во Тетово, так ани се случи Сашко Митрев, так ани се случија и други активности преземени од страна на Владата. Затоа можеме и да ги немаме тие членови, можеме да ги имеме, но тоа не ни дава ограничување или слобода на Владата тоа да го прави. Кога сум кај парите да продолжам во тој дух.

Една од главните причини зошто зборуваме дека тешко ќе се дојде до самостојност е средствата и парите. За прв пат Владата се реши во оваа буџетска година сите универзитети да ги третира

како посебни ставки без тоа Советот за финансирање да ги даде како препорака, или остана дилема која што и за време на буџетската расправа беше присутна во смисла дали Советот за финансирање учествуваше во изработката на Предлогот на овој буџет. Дали ставките по факултети ќе бидат доволни, и врз база на кои параметри и критериуми се направени. Зато аостана недоречено уште за време на буџетската расправа,не знам денес дали минситерот одговори на тоа прашање, но сосема нелогично е повеќе студенти и повеќе наставен кадар, како што е на пример Универзитетот "Свети Климент Охридски" од Битола да добива 168.500.000,00, а пак Штипскиот Унивезитет со помалку наставен кадар да добива скоро 300 милиони денари. Значи, дупло добива за помал број на студенти и се разбира на наставници и соработници. Или пак нелогичноста со Државниот универзитет во Тетово каде што тој добива, споредено со Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола дури 217 милиони денари или околу 50-тина милиони денари плус во однос на другите универзитети со помал број на студенти.

Практично 1000 студенти во Штип ќе добијат околу 300 милиони, а 4500 или скоро 5000 студенти на Универзитетот " Св. Климент Охридски" ќе добие 168.500.000,00 денари.

Значи, кога финансиски ќе интервенирате кога сакате и како сакате како министерот Салвески, кога ќе распределите помалку средства по универзитет и кога ректорот на Универзитетот во Штип ќе го направите со одлука на Матичната комисија во еден ден и редовен професор, иако не е дел од вработените на Институтот за земјоделие, туку е надворешен соработник и го направите ректор во ист ден тогаш ќе се загрижиме и ќе се запрашаме дали можеме, а ќе се потрудиме како опозиција, а не само како опозиција, гледам дека и некои пратеници од мнозинството тоа го дале да учествуваме во зголемување на механизмите кои ќе обезбедат автономија на иверзитетите во Република Македонија.

Зборувам за финансискиот аспект, она што нас ни смета како втора можност за политички влијанија, тоа е начинот на избор, без разлика дали е тоа декан или ректор, или одборот за акредитација, кој шо сметаме дека сомнително е претседателот на одборот за акредитација да го именува Валдата на Република Македонија и тој да го претставува и застапува одборот за акредитација, како што е даден во членот 70.

Затоа можеби ќе беше поприродно да си почнеме деловнички како што е, веднаш со амандманите, минситерот да немаше свое експозе, а потоа врз база на тоа колку амандмани ќе прифати или не, бидјеки најави дека од 103 амандмани ќе прифати 16, дали е тоа некоја задоволителна бројка ќе видиме, потоа по текстот да зборуваме за начинот на кој што мислиме дека работите ќе тргнат во оваа облст.

Матичната комисија ја поврзуваме и со Одлуката на Владата или решението на Владата ректорот да не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Значи да ја отстраниме дилемата во јавноста, ние не претпоставуваме дека ќе испратат некој од државна безбедност или Контраразузнавање за ректор како што може да се случи, туку дека може да ни се случи Матичната комисија д аунапреди некој човек преку ноќ и потоа тој како надворешен човек да дојде на Универзитетот.

Ректорот на Универзитетот Свети "Кирил и Методиј" се одбрани во јавноста со изјавата дека не верува дека вработените ќе си дозволат такво нешто. Но зошто да оставиме на верување или не. Деновиве гледаме дека премногу се вртиме кон работи кои што сакаме да веруваме, бидјеки работите не ни одат ккао што треба, па масовно имаме на телевизија преноси од разни свеченоси, осветувања што се прават со Црквата, наместо да имаме такви преноси од доделување на наградите на најдобрите студенти на Универзитетот, на некои од Универзитетот или на сите.

Кога ќе го направите тој баланс, тие вложувања во Универзитетот и тогаш кога ќе го оставиме Универзитетот сам да си се грижи за себе тогаш и нема да се секираме кој е тој механизам што Владата ќе сака да го стави за контрола на целио товој процес. Нема да стави во Одборот за акредитација и лице именувано од Владата, нема да каже дека ректорот мора да биде од редот на вработените на Универзитетот, бидјеки и заменикот министер доаѓа од Универзитет, почитуваниот професор Лазаров и други професори учествувале во изработката на овој закон, останува нелогичноста зошто се решиле да си остават клин во рамки на автономијата на Универзитетот каде што ќе може да се упадне од страна со човек, не велиме дека нема да биде професор или доктор, нема да биде од редот на редовните професори, туку ќе биде една апсолутно политичка одлука која што во даден момент ќе сака Владата да ја направи.

За да ги избегнеме билокаквите можности на било коај Влада да му текне да го прочита овој став и да се потруди да најде човек ректор кој ќе учествува во ова и ќе сака да влијае во работата на Универзитетот, мислам дека треба и се надевам дека овој амандман ќе биде прифатен.

Затоа ќе се обидеме во амандманската расправа да ги убедиме, Владата си го кажа својот став, парламентарното мнозинство, Автономијата на Универзитетот да можеме да ја одбраниме со независен одбор за акредитација, со Матична комисија која ќе има ингеренција само преку формирањето на високообразованта институција во првата година, кога ќе се направи еден вистински баланс помеѓу приватниот и државниот Универзитетот, кога ќе се потрудиме да зборуваме за квалитет и каде е квалитетот на факултетите, а не да ни се случуваат гафови на студенти на високи години кои што ги гледаме, имавме прилика да ги гледаме на милионер, за

жал ние што сме на еден провајдер кабел малку сме хендикепирани во овој момент, можеби квлаитетот се подобрил на учесниците на квизот. Затоа  и средствата кои што треба да ги оставиме во менаџирањето на самите Универзитети со повеќето зголемување посебно во област на научно истражувачката дејнсот се оние принципи кои што треба да ги помовираме, одлучувањето да го оставиме на нив, а да ги избегнеме политичките влијанија кои што за жал ескалираа во вооі период на оваа Влада. Реков и при една реплика, тоа го кажуваме секогаш, од непотребни причини коалиционите партнери си поделија три универзитети во Република Македонија и кој човек да оди во Битола или во Охрид ќе ви каже како НСДП се обидува да влезе во неколку факултети на Универзитетот Свети “Климент Охридски” сите знаат, вице премиерот беше во дилема дали да биде разрешен или не заради активностите што ги направи во Универзитетот Свети “Климент Охридски”. Смената на ректорот на Државниот Универзитетот во Тетово предизвика Интерпелација во Собранието, а изборот на братот на Митрев преку ноќ во редовен професор, па другито ден ректор предизвика општо незадоволство кај универзитетската фела во Република Македонија, затоа без пари, а со членови во кои што Владата предлага мислам дека непотребно се оставаат неколку клина во автономијата на Универзитетот, во еден концепт кој што се согласувам дека е темелно подготвен, дека е подготвен подолг период и не треба да понуди поквалитетно образование и помодерно, не само звање, туку и помодерно знаење на студентите во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитуван пратеник Макрадули.

Не знам кои беа побудите да го спомените моето име. Да ве потсетам дека не е на дневен ред закон за невладини организации, на спортски организации, на една сум и јас претседател, туку е закон за високо образование, кој што ние долго го работевме и кој што се трудевме максимално да го усогласиме со универзитетите во Република Македонија, со универзитетската јавност. Мислам дека треба да водиме академска расправа бидјеки се работи за еден академски закон. До сега ние се трудевме да ги прифатиме максимално колку што може амандманите на сите пратеници, вклучувајки ја и опозицијата и од оној прв текст кој што беше овде понуден многу амандмани кои што токму опозицијата ги понуди сега се составен дел на оснвониот текст на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас како предлагач на законот ве читам и вас овде и нормално можам да ги споменам двајцата предлагачи, претставници на предлагачот, и министерот и замeникот на министерот.

Реков дека е ваш хендикеп што кога го предлагате овој закон во исто време сте и претседател на Федерацијата на Македонија што не мислам дека е во согласност со законите за спречување на корупцијата, или конфликт на интереси, но тоа е политика на Владата дали смета дека тоа треба да биде или не. Од тој апсект реков дека министерот влегува со хендикеп, неговото име се споменува со реконструкција во друго минситерство, а вашето е поврзано со случувањето во карате Федерацијата што е хендикеп на предлагачите, не мој. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мислам дека и денеска се забележуваат тенденциите на колегите од СДСМ во нивните намери секој еден напреден закон, секој еден европски закон, за кој што нема коордианција на највисоко ниво да се направат напори да се вклучат нивните сили, нивни активисти, нивните војници за да може што е можно повеќе да се закочи работата.

На колегата  Макрадули му сметаат настапите на министерот, му смета настапот на колешката Јаневска, му смета, три пати го повтори тоа Што за ректор на новоформираниот Универзитетот во Штип е поставен човек кој што е докажан во својата дејнсот, му смета тоа што е направено на Тетовскиот универзитет, му сметаат многу, многу други работи, а не ја кажува главната работа дека му смета што со овој закон кој е предложен се сака да се направи нашата земја да биде членка во едно европско семејство на образованието, високото образование.

Со амандманите кои што ги имаат предложено, за кои никао не можеме да дојдеме на ред да почнеме да ги разгледуваме, кои се повеќе од 100, до сега, прашање дали ќе дојдеме до тоа, затоа што употребат некои други инструменти да го пролонгираат времето додека дојде до амандманите. Со тие амандмани можеме да очекуваме дека уште една седница ќе имаме вакви дискусии, вакви закачки, вакви процедурални забелешки, така што мислам дека работата е прочитана и не може веќе да биде, мислам дека се прочитани и не може јавноста тоа да го оправдува.

Се друго е оправдано, освен ова дека господинот Макрадули треба да се одлучи дали ќе биде во образованието, високото образование, како асистент, дали ќе сака да напредува како професор или ќе сака да напредува во политиката. Негово е да се определи и да каже еднаш на која страна тој се определува да биде,

заради тоа што тука сме сите, сите имаме задача што е можно повеќе да се приближиме кон Европа, односно кон нашите цели што ни се зададени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димитриовски.

Контра реплика има господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Многу интересно, бидејки ова го имаше напишано господинот или некој друг Димитровски, бидејки сосема не одговара на реалноста. Денеска ние се повлековме и само двајца дискутанти од СДСМ зборуваа во однос на другите пратенички групи, од каде што имаше 3 или 4.

СДС, овде, во пратеничката група, за среќа или за несреќа на господинот Димитроски, повеќе од третина се од Универзитетот во Скопје, "Свети Кирил и Методиј", така што не знам што тоа му пречи.

Но, во однос на неговата дилема, согласно Законот, јас сум професионален пратеник во Република Македонија и тука си ги исполнувам задачите. Дали тој е оставен само на оваа дејнсот или има 5-6 други дејнсоти од кои заработува, тоа ќе покаже времето. Тоа ќе го дознаеме после следните избори.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Збор има господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас нема да имам многу долга дискусија. Ќе се осфрнам на некои работи принципиелно што, како што рече почитуваниот коелга Димитриовски, навистина ни пречат, но не ни пречат за да опонираме некому, да ја одолговлекуваме работата, туку затоа што нам ни е основна функција да укажеме јавно, овде, каде ни е местото во Парламентот, преку демократска дебата, со аргументи, на кој начин мислиме дека може да се подобри законот, на кој начин мислиме да се исправат грешките на Владата, намерни или ненамерни за да и јавноста може да суди и да ги спореди дебатите на позицијата и опозицијата, на власта и на опозицијата за тоа кој нуди подобри решенија.

Ме разочаруваат констатациите, прво, ние, многу дисциплинирано, согласно договорот на координацијата, иако бевме од утрото пријавени на дисплејот, се откажавме. Меѓутоа, после непринципиелното прекршување на деловничкиот редослед на пријавувањето, дополнително се пријавивме уште јас и колегата Макрадули. Претходно говореа Грковска и Герамитчиоски.

Не сакам да му се правдам на почитуваниот колега Димитровски, но поради јавнсота, треба да се знае дека нам не ни пречи дебата. Прашањето би го поставил обратно што на колегата Димитриовски и пратениците од власта им пречи? Дали им пречи демократијата? Изгледа најмногу од се им пречи поинаквото мислење или критиката. Но, затоа постои Парламентот. Единствено нема критики на седниците на Валда каде владее хармонија или монотонија, ако сакате подобро кажано и таму нема кој да се спротивстави на премиерот кој, според вас е безгрешен.

Меѓутоа, што грешки ние наоѓаме во овој закон на кој сакаме да реагираме? Едноставно не можете да не обвинувате со истите флоскули со кои се деградирате и самите себе си, како пратеници воопшто и Парламентот како институција за некакви блокади. Не е страшно до колку се изгубат 10 или 20 минути плус колку што дискутираме дополнително јас и Макрадули по овој закон. Ако можете тоа да го наречете блокада?! Меѓутоа, мислам дека тоа повторување станува навистина банално, затоа што сакате преку формата за наводни политички опструкции да ја сокриете суштината што не е во интерес на образованието, не е во интерес на студентите. Сакате да ја сокриете позадината што протнува многу политика.

Ќе почнам од почетокот, од членот 1 и членот 2 кои што говорат за предметот на уредување на овој закон, односно ќе го цитирам поимникот:

1.Предлагачот на овој закон, Владата вели вака, цитирам "со овој закон се уредуваат автономијата на Универзитетот и академската слобода" и т.н.

Значи, не случајно ова го потенцирам, затоа што неколкуте пунктови на кои што имам сериозни забелешки и критики во дискусијата се однесуваат токму на контрадикторноста на дефиницијата што е тоа академска слобода и што е тоа автономија на Универзитетот, во која сите вие се колнете и ја прокламирате, меѓутоа меѓуредови протнувате нешто друго. Впрочем, тоа е добро познатата тактика и политика на ВМРО-ДПМНЕ да низ призмата на, таканаречебни реформи во законите протнуваат многу работи за кои, до колку реагира опозицијата на глас ќе ја наречат прво дека не знаеме да разликуваме што е приоритет или што е државен интерес, меѓутоа сакате на мала врата да протнувате решенија што единствено ќе имаат политичка позадина, а не решенија што ќе бидат од поширок интерес, во конкретнив случај во интерес на високото образование, за Закоанот за кој што говориме.

Понатаму, во поимникот, во членот 2, точка 1, каде што ги дефинирате изразите што се употребуваат какво значење имаат, велите, цитирам "автономија на Универзитет опфаќа академска слобода и (внимавајте) самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетскиот простор".

Да видиме што од овие прокламирани принципи одговара на содржината на законот, а што не одговара?

Членот 53, еден од најспомнуваните во оваа општа дискусија, говори за ректорот на Универзитетот. Во последниот став од членот, Владатата напишала дека ректорот не мора, напомнувам не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. И не само тоа, на

комисиската разправа во ЗПК претставникот на Владата, во усното образложение јавно ни предочи дека Владата има планови, односно размислува "дека е добра идеа да се вметне и решението да може ректорот да биде и странец". Значи, не само што ќе биде надвор од редот на вработените во Универзитетот, туку се остава, ја подготвува јавноста дека Владата има намера да предложи за ректор на Универзитетот да дојде странец.Овде реагираме најмногу, затоа што токму ова решение се коси со правилото од членот 1 и член 2 што ги цитирав, а што се спротивни на она што го предлагате во законот. Овде ниту има автономија на Универзитетот, ниту има академска слобода, ниту самостојно одлучување и управување.

Понатаму, имајќи предвид, да бидеме до крај отворени, дека секогаш, кога со вакви одредби Владата сака да вметне навидум, невидлив исклучок, мислејќи дека нема да го дочитаме до крај членот, сте го ставиле како последен пасус. Меѓутоа да го напишевте и со ситени букви, ќе го пронајдевме. Вакво нешто не може да се сокрие. Се сомненваме и основано се плашиме дека ваквото решение има политичка заднина, затоа што овие, навидум исклучоци за оваа Влада ќе ги претвори во праксата, при спроведувањето на законот, во правило. Така се случи и со други институции во Република Македонија, со директорот на Македонската телевизија МРТВ, националната. Имаше еден експеримент во обид што после реакциите на опозицијата премиерот Груевски се откажа за јавен обвинител странец. Имаме законско решение кај јавните здравствени установи, поточно кај Фондот за здравствено осигурување, поточно каде предивудува дека еден од двајцата директори да може да биде странец. Ние говоревме кога беа актуелни овие работи. Уште на премиерот не му остана сам да предложи некој премиер на неговото место да дојде и да биде странец. Меѓутоа, очигледно, власта и моќта, премиерот, кога се однесува за себе, не сака да ја испушти.

Понатаму, се вели дека во наредниот член 54, се вели дека ректорот ги свикува и претседава со седниците на Сенатот. Малку е нелогично, затоа што од една страна Сенатот го бира ректорот, а сега ќе треба тој да претседава со седниците.

Исто така, со оглед на суштинските надлежности и ингиренции на ректорот, мислам дека премногу технократски или бирократски ингиренции им се придодаваат. Меѓутоа, кога ќе се погледне политичката позадина и во контекст на она што претходно го говоревме, да не биде од редот на професорите вработени на Универзитетот, се остава простор за директна партизација и инсталација на партиски решенија од партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ. Се разбира, можеби нема да го направите тоа толку директно, некој препознатлив, со книшка, ваш активист, но ќе пронајдете човек кој нема приоритет да му биде високото образование, туку спроведувањето на партиската политика на Владата и на владеачката партија во високото образование. Тоа е поразително за Владата и за нејзиното владеење, нејзината политика, како сака да завладее, да се инфилтрира во сите иснтитуции што треба да бидат самостојни, независни и по Устав и по Закон.

И од формално правен аспект ќе ви укажам, не само од политички, на нелогичноста и апсурдноста на ова решение, бидјеки подолу, во истиот член 54 говорите дека најмалку еднаш годишно претседавачот на Универзитетскиот Сенат треба да поднесе извештај за неговата работа, а тој ги свикува и тој претседава, тој е прв меѓу еднкавите, условно, во Сенатот и испаѓа дека самиот на себе треба да си поднесе извештај и самиот за себе да одлучува, што мсилам дека нема потреба од дополнителен коментар, дека ова решение не е добро срочено.

Понатаму, кога веќе говориме за самостојноста на Универзитетот, академската слобода и слободата во управувањето и одлучувањето, погледнете го само членот 69, ставот 1, дефиницијата на Одборот за акредитација. Велите дека акредитацијата ја врши Одборот за акредитација како самостојно тело. За да, два става подолу, односно еден член подолу, во членот 70, во првиот став велите дека Владата го именува и избира претседателот на Одборот за акредитација. Какво самостојно тело ќе биде тој Одбор за акредитација, прво.

Второ, од аспект на составот на Одборот за акредитација, неговите членови, дека 6 членови именува Владата, од кои најмалку од половината се од редот на професорите. Ем Владата ќе се меша и во членовите, во составот на Одборот за акредитација, ем треба тие да бидат професори кои ќе бидат, на некој начин, не знам како ќе ме сфатите, етикетирани политички, бидејки едните ќе бидат по еден основ, по еден критериум избрани, други ќе бидат на предлог на Владата. Некој можеби со самото предлагање, некој ќе прифати, некој нема да прифати, меѓутоа во принцип како се поставени работите за изборот на овој Одбор, не одговара на самостојноста на оваа институција, затоа што без разлика што се работи, до колку станува збор за државен универзитет, го немате тоа право на толку директен начин Владата да влијае врз самостојноста, односно независноста на ова тело, бидејки самиот збор државен универзитет не значи дека спротивно на овие начела за самостојност и независност, не значи дека тој Универзитет е на Владата и дека Владата може да управува со него, да поставува свои луѓе и т.н., уште помалку да лепи етикети на професорите дека се предложени од Владата, па после тоа основано или неосновано да се води дебата по тоа прашање, да се покажува со прст и т.н.

Други од крупните забелешки на кои реагираме и преку кои директно се гледа намерата на Владата дека врши директно мешање во работата на универзитетот и неговите тела се самите преодни и завршни одредби, членот 172 и 176. Велите дека најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе бидат

избрани нови членови во Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација. За да биде апсурдот поголем, во членот 176 истиот принцип во преодните одредби не го применувате и за ректорот, деканот, директорите, продеканите и проректорите. Значи немате доследнсот, немате принципи при предлагањето на законските решенија. Дали со ова се сака Владата да си створи простор преку преодни одредби со измените во овој закон, прикажувајќи ги како реформи, во рок од три месеци да ги смени и овие важни органи во рамките на Универзитетот, Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација, односно во рок од три месеци нивните членови да ги смени и да постави директно свои луѓе или блиски луѓе.

Од сите погоре наведени причини изразуваме уште еднаш огромна резерва, огромно сомневање за политизација и партизација преку овие решенија во Законот за високо образование и затоа и за многу други членови во законот, за кои ќе дискутираме во амандманската расправа, ќе реагираме и ќе укажеме со цел да апелираме до вас овие амандмани во интерес на подобрување на текстот на законот и постигнување на вистинската цел за која е наменет законот, да бидат барем дел од нив прифатени, кои се однесуваат на овие клучни позиции. Инаку, во спротивно ќе сметаме дека Владата води сметка за жал повеќе за своите политички потреби и политички интереси, отколку за образованието и за студентите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко.

За реплика се јави господинот Ратко Димитриовски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Јас морам да реплицирам бидејќи бев давапати прозван од колегата Кондарко и можам веднаш да кажам дека со вториот дел од дискусијата се согласувам со него и дека дел од она што ќе го дадат во амандманската расправа лично ќе го подржам, а веројатно и многу од амандманите ќе им бидат прифатени.

Меѓутоа не можам никако да се сложам со него дека нема тенденција на закочување на процесот кој што е во донесувањето на овој закон. Да не заборавиме дека минатата година во мај месец, мислам дека имавме долги дискусии од три, четири дена исто такви дискусии кои што се повторуваа. Сега се повторуваат истите дискусии, дел од тие дискусии ќе се повторуваат и во амандманската расправа. Така што на ниеден начин не може да ме убеди колегата дека нема тенденција на закочување, а целта ни е заедничка и на него и на неговите колеги како опозиција и на нас како мнозинство законите да ги донесуваме што е можно поквалитетно и што е можно побрзо заради тоа што тоа се очекува од нас, односно за тоа сме ние платени како пратеници од народот кој што не избрал. Тоа е моето согледување и тоа е моето укажување и на претходниот дискутант и на колегата Кондарко.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димитровски.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Јас би ве молаел колега Димитровски, вие и во претходната реплика и на тоа јас реагирав, ги нарековте и закочување и закачки. Јас имав сериозна и коректна дискусија, материјална дискусија во однос на решенијата на овој закон. Мислам дека полека паѓа во вода тезата која со месеци наназад ја лансира премиерот Груевски, дека му е потребен лош и неуспешен Парламент  за да се прикаже себе и Владата во што подобро издание. Не сме ние криви што лошо, свесно, или од незнаење се менаџираат седниците на Парламентот, има многу заостанати седници и т.н. Не можеме ние д амолчиме, не може да не обвинувате за закочување кога ние мислиме да го подржиме овој закон. Меѓутоа, со молчење тоа би било недемократија, или тоа би било едноумие. Парламентот е за да се дебатира, па некогаш и секогаш не мора да се согласиме. И тоа не треба воопшто да ви пречи.

**Бесим Догани:** Започнуваме со амандманската расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 14 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го  молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворм претрес по амандманот на член 2 став 1 за додавање две нови точки 23 и 24 по точката 22, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го  молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Во интерес на времето без да се свати дека се кочи некој процес внимателно да се слушаме. Ова се амандмани поднесени од Младинскиот образовен форум кои што во нивно име ги поднесовме јас и колешката Славица Грковска. Значи, во неколку наврати претходните дискутанти посочија дека после бечерел обврска е на секоја држава потписничка на Болоњската декларација да ги вклучи студентите активно во процесот на управување и одлучување, или подигање на нивото на квалитетот на образовниот

процес во високото образование. Затоа студентите бараа и ние во овој амандман во поимникот сакаме преку две точки да дефинираме што е студентски интеруниверзитетски Парламент и што е студентски Парламент. Јас не гледам една разумна причина зошто амандманот не би се прифатил.

**Бесим Догани:** Има збор гопсоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници, мислам дека ако нашата тенденција е да донесеме закон кој што навистина ќе заслужи да го носи знакчето на Европската унија, тогаш треба сериозно да ги разгледаме сите амандмани кои што се поднесени од пратениците и министерот да даде сериозна аргументација зошто не прифаќа некои од нив, особено кога за нас е сосема нејасно зошто вакви амандмани кои што придонесуваат во голема мера за подобрување на текстот на законот и за подобрување на функционирањето на студентските организации, не се прифаќаат и тоа уште повеќе не се прифаќаат без никакво образложение. Значи, станува збор за амандман со кој што предлагаме дефинирање на поимите студентски интеруниверзитетски парламент и студентски парламент. Тоа се поими почитуван министре, да ве информирам кои што ги содржи законот во членот 156 и кои што во контекстот во кој што се споменати може секој да ги толкува на различен начин до колку овие поими претходно не се дефинираат на начинот на кој што сме ги предложиле и не станат дел од поимникот на овој закон. Значи, до колку не сте биле информирани дека овие поими се појавуваат во законот, јас ви препорачувам да го видите членот 156 и да ми објасните како врз основа само на она што е кажано во овој член и никаде на друго место, ќе биде јасно што е тоа студентски интеруниверзитетски парламент и што е тоа студентски парламент. Во крајна линија не само ние како пратеници, туку и студентите имаат право да знаат зошто вие не сакате да го прифатите овој амандман и дали имате отпор кон организирање на студентите на ваков начин, и дали имате тенденција со тоа што нема да се дефинираат овие поими прецизно во законот, да направите хаос и да дозволите секој да ги толкува на каков начин сака. И на тој начин наместо да придонесете за регулирање и за средување на состојбите во студентските организации за подобрување и овозможување на подобар начин на функционирање на студентските организации на начин кој што го препорачува и Европската унија, вие наспроти тоа ќе предизвикате хаос и ќе дозволите исто така различни структури различно да влијаат на студентските организации, да немаме јако студентско движење во Република Македонија.

**Бесим Догани:** За реплика се јави министерот за образование и наука.

**Сулејман Рушити:** Едно кратко дообјаснување. Значи, амандманот кој е предложен вака како што е предложен барем се предлага студентскиот парламент да стане орган на Универзитетот. Јас мислам дека не можеме да прифатиме такво нешто. Инаку, студентскиот парламент се уредува во законот, а нормално упатуваме дека понатаму и со статут може да се регулира. Значи, се знае кои се органите на Универзитетот. А студентскиот парламент не може да биде и не е пример никаде во светот да биде орган на Универзитетот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои што се надвор од салата, да влезат во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, ја прекинувам денешната работа.

Ве информирам дека со денешнава 98-ма седница ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,48 часот)